# СОДРЖИНА

*СУБВЕНЦИИ*

- ***Субвенции за исплата на плати ..............................................................5***

*ПЛАТИ И ПРИДОНЕСИ*

- ***Субвенции до 50% на придонеси од ЗСО................................................25***

- ***Финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено-економската криза, предизвикана од вирусот COVID-19 за време на вонредната состојба…....……………........................37***

- ***Издавање на ваучери за туризам на вработени лица со низок доход заради потикнување на домашен туризам за време на вонредната состојба.................................................................................................45***

*ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА*

- ***Измена на Законот за работните односи во вонредна состојба ..................................................................................................52***

*ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ*

- ***Плати за месец Мај 2020 година...........................................................................................59***
- ***Коефициент на МДБ за Април 2020 година..........................................78***
- ***Коефициенти на пораст на цените за месец Април 2020 година....................................................79***
- ***Цени на гориво ………………………….....................................................81***
- ***Курсни листи...........................................................................................90***
- ***Референтна каматна стапка за вонредна состојба.............................................................................97***
- ***Рокови за месец Ма.................................................................................99***

***ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ .....................................................................101***

# СУБВЕНЦИИ

*дипл. економист: Ромео Костадинов*

## СУБВЕНЦИИ ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИ

***Субвенциите за финансиска поддршка претставени преку субвенции за исплата на плати за месец април и мај за стопанските субјекти во РСМ, но и субвенции во висина на 50% од придонесите за платите за месеците април, мај и јуни, конечно се заокружени со последните измени на Уредбите за субвенционирање извршени од 01.05.2020 заклучно со 05.05.2020 година. Комплицирани услови за користење, прекратки рокови за апликација, неизвесни решенија за прифаќање или одбивање, и премали износи на субвенции, се основните карактеристики, покрај многубројните измени и дополнувања. Условите и другите детали за последната измена на Уредбата за субвенционирање на придонесите од ЗСО до 50% во наредниот текст.***

### ВОВЕД

Субвенциите за исплата на плати за месец април и мај за стопанските субјекти во РСМ, погодени од COVID-19 се претставени преку одредбите од Новата Уредба, која е дополнета со нови измени од 01.05.2020 година и со која повратната финансиска поддршка, може да премине во грант (неповратна), со исполнување на пропишаните услови.

Уредбата за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза, предизвикана од коронавирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците април и мај 2020 година ("Службен весник на РСМ" 111/2020 и 113/2020), конечно заокружена со објавувањето и поставувањето на барањето за исплата на "e-tax".

Последните измени на Уредбите, дозволуваат користење **во исто време** помош за плати и 50% придонеси од ЗСО, но само за субјектите од дејност туризам, угостителство и транспорт.

## *1. КОЈ ИМА ПРАВО НА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ*

Работодавачот, односно секој правен субјект кој вработува работници врз основа на договор за вработување, физичко лице кое вработува работници, врз основа на договор за вработување и работодавач корисник, согласно со Законот за приватни агенции за вработување, се субјектите кои можат да користат субвенционирање на платите.

Финансиската поддршка на работодавачот ќе се спроведува преку Програмата за финансиска поддршка на работодавачи погодени од здравственоекономската криза предизвикана од коронавирусот COVID-19, **со исплата** на финансиски средства **на сметка на работодавачот-барател** на финансиска поддршка за исплата на платите на работниците за месеците април и мај 2020 година.

### *1.1. Субвенционирање за исплата на платите*

Со одредбите на Уредбата, финансиската поддршка спре-ма работодавачите, се однесува на поддршка по пат на исплата на финансиски средства, кои имаат цел помагање при исплати на платите на вработените.

Предмет на финансиска поддршка е исплатата на платите на работниците кај работодавачот-барател на финансиска поддршка за месеците април и мај 2020 година.

Износот на финансиска подршка е ограничен на износ најмногу до 14.500 денари месечно, по работник.

Висината на износот е варијабилна, во зависност од работното време (полно или неполно работно време) на кое е пријавен работникот, намалено за работното време за кое работникот остварува надоместок на плата, кој не паѓа на товар на работодавачот.

### *1.2. Како се остварува субвенцијата*

Работодавачот - барател на финансиска поддршка, до Управата за јавни приходи поднесува Барање за финансиска поддршка на работодавач заради исплатата на платите за месеците април и мај 2020 година (Образец БФП - ИП).

Формата и содржината на Барањето за финансиска поддршка за исплатата на платите на работниците (Образец БФП - ИП), е пропишана со уредбата и истиот е поставен на e-tax, во делот на поднесоци, пododдел - придонеси.

Образец БФП - ИП, работодавачот-барател на финансиска поддршка го поднесува преку системот е-даноци на Управата за јавни приходи до **7-ми во месецот за претходниот месец**, а комплетноста на Барањето го потврдува Управата за јавни приходи, **во рок од 3 дена** од денот на приемот на барањето.

Во Образец БФП - ИП, работодавачот-барател на финансиска поддршка дава Изјава за исполнетоста на условите од уредбата со законска сила.

Составен дел на Образец БФП - ИП е задолжителен Прашалник според стандардите на Светска Банка, со кој се утврдува можноста за финансирање на финансиската поддршка, од средства обезбедени од Светска Банка и истиот не претставува предуслов за добивање на финансиска поддршка од буџетски средства.

## *2. УСЛОВИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ СУБВЕНЦИЈА*

За користење на финансиската поддршка, работодачот-барател на финансиска поддршка, треба да ги исполни следните **услови**:

а). намалувањето на вкупните приходи за април и за мај 2020, да изнесува над 30% од просечниот месечен приход остварен во 2019;

б). да не исплатува дивиденда на сопствениците, како и да нема извршено исплата по основ на награда за деловна успешност;

в). месечна нето плата над 120.000 денари месечно по вработен да примиле најмногу 10% од вкупниот број на вработени.

г). месечната нето плата на вработениот да не надминува 39.900,00 МКД;

д). да не користи субвенционирање за намалување на придонесите до 50% за вработениот (не се однесува за шифри на дејност: угостителство, транспорт и туризам);

ѓ). за вработениот да не користи ослободување од придонесите од ЗСО и од ДЛД, од проектот Македонија вработува;

е). да не применува барање за субвенционирање за вработените на дополнително работење од член 121 од ЗРО.

### *2.1. Основен услов - 30% намалување на приходот во април и мај 2020*

Намалувањето на приходите се разгледува кај два типа на работодавачи, во зависност од тоа дали обавувал дејност цела 2019 или е новорегистриран субјект во 2019 година. Субјектите кои биле регистрирани и вршеле дејност и пред 2019 година се раздвојуваат како сезонски работодавачи и работодавачи кои вршат дејност во текот на целата година.

Процентот на намалување на приходот над 30% е ист и за работодавачите кои биле регистрирани во 2019 и оние кои биле регистрирани и обавувале дејност пред 2019 година.

#### *2.1.1 Регистрирани пред 2019 година*

Вкупниот приход за 2019 година кај овие субјекти се зема од работењето од целата година, од кој се минусира еднократниот приход, кој не е својствен за редовните активности на друштвото и не произлегува од деловна активност, остварена од работење во 2019 година.

Како еднократен приход може да се појави приходот од наплатени отпишани побарувања, приходи од отписи на обврски, приходи од пенали и други договорни исполнувања, приходите од наплати на оштетни побарувања, приходи од вишоци и други.

Заради елиминација на приходите, кои не се вклучуваат во приходниот критериум, од кој се пресметува намалувањето за 30% кај овие субјекти, се зема вкупниот приход од редовните активности евидентиран ан АОП 202 од Биланс на успех од 2019 година. На АОП 202 се прикажуваат приходите од редовните

активности од групите конта 73 и 74 – приходи од продажба на производи стоки и услуги. Наведените приходи треба да се намалат за приходите од продажба на отпадоци и приходите од продажба на нетековни средства (недвижности, постројки и опрема - НПО), доколку се евидентирани како приходи на контата 743 и 744.

Приходите од употреба на сопствени производи - конто 745 исто така треба да се елиминираат, доколку истите се прикажани на АОП 202 (истите од конто 745 се прикажуваат на АОП 206 од БУ).

Пример: Друштвото "АДБ" за 2019 ја има следната структура на приходи:

| **Р.бр.** | **Опис** | **2019** | **04.2020** |
|---|---|---|---|
| 1. | Приходи од продажба на производи | 125.600.000,00 | 8.000.000,00 |
| 2. | Приходи од продажба на стоки | 84.000.000,00 | 2.600.000,00 |
| 3. | Приходи од услуги | 28.000.000,00 | 1.200.000,00 |
| 4. | Приходи од закупнини | 2.400.000,00 | 200.000,00 |
| 5. | Приходи од продажба на НПО | 6.000.000,00 | |
| 6. | Приходи од отпис на обврски | 500.000,00 | 20.000,00 |
| 7. | Приходи од вредносни усогласувања | 1.000.000,00 | |
| 8. | Приходи од наплатени пенали | 260.000,00 | |
| 9. | Приходи од вишоци | 70.000,00 | |
| 10. | Приходи од заштита од ризици | 400.000,00 | |
| 11. | Приходи од укинување на резервирања | 800.000,00 | |
| 12. | Приходи од камати и курсни разлики | 150.000,00 | 10.000,00 |
| 13. | Приходи од дивиденди | 2.000.000,00 | |
| 14. | **Вкупно:** | 251.180.000,00 | 12.030.000,00 |
| 15. | Еднократен приход(5+6+7+8+9+10+11+12+13) | 11.180.000,00 | 30.000,00 |
| 16. | Вкупен минус еднократен приход (14 - 15) | 240.000.000,00 | 12.000.000,00 |
| 17. | Месечен просечен приход за 2019 (р.бр.16 / 12) | 20.000.000,00 | |

$$\% \text{ учество} = \frac{12.000.000 \times 100}{20.000.000} = \mathbf{60,00\%}$$

Намалувањето на приходот е над 30% (100-60=**40%**).

Намалувањето на вкупните приходи, се зема како податок од остварените вкупни приходи во 2019 намалени за одделни еднократни приходи, кои не произлегуваат од редовното работење на работодавачот-барател на финансиска поддршка, остварени во месец април 2020 година или во месец мај 2020 година.

Намалувањето треба да изнесува повеќе од 30% во однос на месечниот просек на вкупните приходи намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење остварени во 2019 година.

### *2.1.2. Регистрирани во 2019 година*

За работодавач-барател на финансиска поддршка кој е запишани во соодветен регистар (основање) после месец март 2019 година, намалувањето на вкупните приходи намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење на работодавачот-барател на финансиска поддршка остварени за месец април 2020 година или месец мај 2020 година да изнесува повеќе од 30% во однос на месечниот просек на вкупните приходи, намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење на работодавачот-барател на финансиска поддршка остварени од денот на запишувањето во соодветен регистар во 2019 година и месеците јануари и февруари 2020 година.

### *2.1.3 Сезонски карактер на работење*

За работодавачот-барател на финансиска поддршка кој врши дејност од сезонски карактер, намалувањето на просечните вкупни приходи намалени за одделни еднократни приходи, кои не произлегуваат од редовното работење на работодавачот барател на финансиска поддршка, остварени за последниот сезонски период од 4 месеци, споредено со просечните вкупни приходи, намалени за одделните еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење на работодавачот-барател на финансиска поддршка остварени за сезонскиот период од истите 4 месеци во претходната година да изнесува повеќе од 30%.

### *2.2. Неисплаќање на дивиденда и награди за деловна успешност*

Работодавачот-барател на финансиска поддршка да не исплатува дивиденда на сопствениците, како и да нема извршено исплата по основ на награда за деловна успешност на работодавачот со шифра 102 во МПИН образецот.

### *2.3. Највисоките плати над 120.000 МКД да не надминуваат над 10% од вработените*

Најмногу 10% од вкупниот број на вработени кај работодавачот-барател на финансиска поддршка да имаат поединечна месечна нето плата над 120.000 денари месечно по вработен, за месецот за кој се бара финансиска поддршка.

Работодавачот-барател на финансиска поддршка кој на повеќе од 10% од вкупниот број вработени им исплатува поединечна нето плата повисока од 120.000 денари за месецот за кој се бара финансиска поддршка, не ги исполнува условите од првата реченица на оваа точка.

### *2.4. Месечната нето плата на вработениот да не надминува 39.900,00 МКД*

Работодавач-барател на финансиска поддршка не може да користи финансиска поддршка за работник, доколку нето платата на работникот надминува 39.900,00 МКД месечно (гледано за секој месец одделно).

Износот од 39.900,00 МКД се однесува за **последните три месеци пред поднесување** на Барањето (Образец БФП - ИП), односно за месец јануари, февруари и март, за поднесокот за субвенција на плата за април.

Доколку платата на вработениот е повисока од 39.900 денари за секој месец одделно, сразмерно на часовите на пријавено работно време (полно или неполно работно време), не може да се стекне со субвенција по основ на плата (14.500).

Пример: Вработениот "ТТ" (8 часовно работно време) ги има остварено следните нето плати за 01, 02 и 03/2020, поодделно:

- 01/2020 - Нето плата 40.000,00 МКД;

- 02/2020 - Нето плата 35.000,00 МКД;
- 03/2020 - Нето плата 35.000,00 МКД;

За вработениот "ТТ" работодавачот за 04/2020 нема право на субвенционирање на плата до 14.500 МКД, од причини што јануарската плата е над 39.900,00 МКД, иако просечната плата за периодот од првите три месеци од 2020 година изнесува 36.667 (40.000 + 35.000 + 35.000 = 110.000 : 3 = 36.667).

Меѓутоа ако вработениот за месец 04/2020 оствари плата под 39.900 МКД, за "ТТ" за месец мај/2020 ќе може да се оствари субвенционирање, затоа што претходните три месеци пред поднесување на барањето (02, 03 и 04/2020) нето платите за "ТТ" поединечно се под 39.900 МКД.

Ако вработениот засновал работен однос за време пократко од три месеци, нето платата на работникот не треба да е повисока од 39.900 денари, за секој месец одделно, за периодот за кој е пријавен во работен однос, сразмерно на часовите на пријавено работно време (полно или неполно работно време).

***2.5. Да не користи субвенционирање за намалување на придонесите до 50% за вработениот (не се однесува за шифри на дејност: угостителство, транспорт и туризам);***

Доколку работодавачот користи субвенционирање согласно со Уредбата со Законска сила за субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за време на вонредна состојба, нема право на субвенции по основ на плати до 14.500.

Правото на користење на субвенции на плати од 14.500 и субвенции до 50% од придонесите, заедно, е дозволено за работодавач кој врши дејност наведена согласно со Националната класификација на дејности - НКД Рев. 2:

- угостителска дејност (шифра 56 - дејности за подготовка и служење на храна);

- туризам (шифра 79 - туристички агенции организатори на патувања (туроператори) и

- останати резервациски услуги како и дејностите поврзани со нив и шифра 55 - објекти за сместување) и

- транспорт (шифра 49 - копнен транспорт и цевоводен транспорт, шифра 50 - воден транспорт, шифра 51 - воздухопловен транспорт и 52 - складирање и помошни дејности во превозот).

За претходно наведените шифри на дејности, се користи правото на користење на двата вида на субвенцинирање доколку субјектот ги исполнил следните услови:

1). нема искажано загуба после оданочување за 2018 и 2019 година;

2). нема неплатени јавни давачки:

- данок на додадена вредност,
- данок на добивка,
- данок на личен доход,
- придонеси од задолжително социјално осигурување,
- акцизи и
- царини.

Претходниот услов се смета за исполнет доколку работодавачот не е на објавената Листа на должници на доспеани и неплатени долгови бр. 03/2020 на веб страната на Управата за јавни приходи.

3) Заклучно со 29 февруари 2020 година не доцнел со плаќање на обврските по основ на кредити подолго од 90 дена од денот на достасаноста, согласно со податоците за задолженост од соодветен регистар/биро (кредитниот регистер).

### *2.6. За вработениот да не користи ослободување од придонесите од ЗСО и од ДЛД, од проектот Македонија вработува*;

Доколку работодавачот, за соодветен вработен, во месец април користи ослободување од плаќање на данокот на личен доход и придонеси од задолжително социјално осигурување, согласно со Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност (за мерките од проектот „Македонија вработува“), за истиот нема право на субвенционирање на платите до 14.500 за април.

Работодавачот за месец мај, може да користи субвенционирање на плата до 14.500, доколку со месец април била последната субвенција која му следувала од проектот „Македонија вработува“.

Исклучувањето на субвенционирањњето по двата основа се однесува исклучиво на месечно ниво, во поглед на активно субвенционирање на ослободувањето од ДЛД и придонеси од ЗСО. Исклучувањето не се однесува за месеците од задолжителниот период во кој вработениот треба да се задржи на работа.

***2.7. Да не применува барање за субвенционирање за вработените на дополнително работење од член 121 од ЗРО.***

Вработува работник за дополнително работење, согласно со членот 121 од Законот за работните односи.

***3. ЗА КОИ СУБЈЕКТИ НЕ СЕ ОДНЕСУВА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕТО***

Финансиска поддршка за исплата на платите се предвидува за приватниот сектор на територија на РМ.

Субјектите од јавниот сектор не се во субјектите за кои е наменета финансиската поддршка за исплата на платите.

Согласно одредбите од член 4 став 2 од Уредбата, финансиска поддршка за исплата на платите **не може да користи:**

- орган на државна и на локална власт и други државни органи основани согласно со Уставот на Република Северна Македонија и со закон,
- институција која врши дејност од областа на образованието, науката, здравството, културата, трудот, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот, како и во други дејности од јавен интерес утврден со закон, а организирани како агенции, фондови, јавни установи, јавни претпријатија и трговски друштва основани од Република Северна Македонија,
- општините, град Скопје и општините во град Скопје и
- приватна агенција за вработување за работник, кој е отстапен кај претходно наведените работодавачи.

***4. ОСТВАРУВАЊЕ НА СУБВЕНЦИЈАТА***

Работодавачот по поднесеното Барање на Образец БФП - ИП и потврдениот прием, поднесува МПИН до 10 во месецот за претходниот месец. Бидејки до 7-ми мај е крајниот рок во кој се поднесува Барањето, УЈП има обврска да го потврди најкасно до

10-ти мај (најкасно во рок од 3 дена од денот на приемот на барањето), со што крајниот рок за поднесување на МПИН и одобрување на барањето се преклопуваат.

Со комплетното Барање на Образец БФП - ИП, за работниците за кои побарува финансиска поддршка, во полето **3.4б. од МПИН образецот внесува шифра 5000.**

Работодавачот кој истовремено може да користи друга мерка за субвенционирање на социјалните придонеси и/или данок на доход во полето 3.23 од МПИН образецот ја внесува соодветната шифра за ослободување и истата ја комбинира (користи истовремено) со шифрата 5000 од поле 3.4б. (се однесува на субјектите од сектор угостителство, туризам и транспорт, како и за субјектите кои ќе користат субвенционирање на придонесите од зголемена плата од 600 до 6.000 МКД).

По обработка на МПИН образецот, Управата за јавни приходи го информира работодавачот-барател на финансиска поддршка за вкупниот износ на финансиската поддршка што ќе биде исплатена за соодветниот месец.

Управата за јавни приходи испраќа известување до Владата на РСМ за работодавачите кои ги исполниле условите за финансиска поддршка за исплата на платите. Известувањето содржи податоци за: ЕДБ/ЕМБГ на работодавачот-даночен обврзник, назив/име и презиме, адресни податоци, износ на одобрената финансиска поддршка и трансакциска сметка на работодавачот-корисник на финансиска поддршка.

Износот на финансиска поддршка се исплатува од 10-ти во месецот за претходниот месец преку Владина Програма за финансиска поддршка на работодавачи погодени од здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот COVID-19 на сметка на работодавачот-корисник на финансиска поддршка кој ги исполнил условите, согласно со известувањето од УЈП, односно во рок од 5 дена од прифатениот МПИН образец со одобрена финансиска поддршка согласно со уредбата.

### *5. ВРАЌАЊЕ НА СУБВЕНЦИЈАТА*

Средствата кои субјектот ги добил како финансиска поддршка за исплата на платите се враќаат доколку субјектот не ги исполнил општите услови за стекнување со субвенција и посебните услови кои има обврска да ги исполни по добивањето на финансиската поддршка (субвенцијата).

### *5.1. Општи услови кои важат за враќање на добиените средства за финансиска поддршка*

Работодавачот кој користел финансиска поддршка за исплата на плати има обврска да ги врати добиените финансиски средства доколку се утврди дека не ги исполнувал условите за добивање на субвенцијата предвидени со Уредбата.

Средства ги враќа **во целост**, заедно **со камата** согласно со Законот за даночната постапка, доколку по извршена контрола од страна на УЈП и/или Државниот инспекторат за труд се утврди дека работодавачот не ги исполнил општите условите со член 6 став 1 и 2 од Уредбата.

Согласно одредбите од член 6 став 1 од Уредбата се определуваат условите кои наложуваат враќање на примените средства од субвенцијата за финансиска поддршка за исплата на платите.

Условите се истите кои се дадени како горни или долни граници според кои субјектите може да се стекнат со субвенцијата (општите услови за стекнување со субвенција).

Субјектот (член 6 став 1) ги враќа субвенционираните средства, ако не ги исполнил општите услови за добивање на субвенција од член 3 став 5, член 4 или не ги исполнил условите по стекнување со поддршката.

Односно, субјектот **ги враќа добиените средства** од субвенцијата, **доколку остварил**, согласно:

- член 3 став 5 (намалување помалку од 30% на приходите, исплатил дивиденда, исплатил бонус или друга награда со шифра 102 во МПИН, исплатил плати над 120.000 на повеќе од 10% од вработените)

- член 4 (исплатил плата над 39.900 три месеци пред месецот за кој поднел барање за субвенционирање, користи субвенционирање за 50% од придонесите, користи ослободување од проектот "Македонија вработува", ја користи субвенцијата за работници за прекувремено работење) и

- член 6 став 2 (го намалил бројот на вработени и отпуштил вработени над предвидениот процент) од уредбата.

### *5.2. Неисполнување посебни услови и враќање на примена субвенција*

За времетраење на финансиската поддршка согласно со уредбата и два месеци после нејзиното престанување (заклучно со месец јули 2020 година), бројот на вработени кај работодавачот кој користи финансиска поддршка за исплата на плати, во однос на бројот на вработени во месец април 2020 година, **не смее да се намалува**, освен заради:

- пензионирање и смрт на работник,
- откажување на договорот за вработување од страна на работникот,
- откажување на договорот за вработување без отказен рок од страна на работодавачот поради кршење на работниот ред и дисциплина или работните обврски,
- спогодбено преземање на работник,
- престанување на важноста на договорот за вработување врз основа на судска пресуда и
- престанување на важноста на договорот за вработување поради утврдена трајна неспособност за работа."

Согласно член 6 ставот 2, вкупниот број на вработени кај работодавачот - корисник на финансиска поддршка не смее да се намали **заклучно со месец јули 2020 година**, **за повеќе од**:

- **15%** кај работодавач кој имал до 50 вработени во месецот за кој користел финансиска поддршка,
- **10%** кај работодавач кој имал од 51 до 250 вработени во месецот за кој користел финансиска поддршка и
- **5%** кај работодавач кој имал над 250 вработени во месецот за кој користел финансиска поддршка.

Ако намалениот број на вработени е нецел број, бројот се заокружува на првиот поголем цел број. Бројот на вработени што работодавачот корисник на финансиска поддршка треба да го задржи до јули 2020, ги вклучува вработените на неопределено време, определено време и вработените со работно време пократко од полното работно време.

## *6. ВРАЌАЊЕ НА СУБВЕНЦИЈАТА ДО 50% ОД ДОБИВКАТА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ*

Работодавачот кој го искористил правото на финансиска поддршка за исплата на плати, има обврска примените финансиски средства да ги врати во Буџетот на РСМ, но најмногу до

износот од 50% од остварениот финансиски резултат пред оданочување за 2020 година, зголемен за износот на оданочивите расходи и помалку искажаните приходи во Даночниот биланс за обврзниците на данокот на добивка.

За обврзниците на годишниот данок на вкупен приход, најмногу до износот од 50% од финансискиот резултат пред оданочување искажан во Билансот на успех за 2020 година, односно за вршителите на дејност, најмногу до износот од 50% од износот на искажаниот финансиски резултат пред оданочување во Билансот на приходи и расходи (образец Б) за 2020 година, зголемен за непризнаените расходи за даночни цели во годишниот Даночен биланс за утврдување на данокот на доход од вршење на самостојна дејност.

Работодавачот кој го искористил правото на финансиска поддршка за исплата на плати и кој не искажал даночна основа за оданочување во Даночниот биланс, износот на примена финансиска поддршка за исплата на плати нема да ја врати во Буџетот на РСМ, доколку нема обврски по основ на неплатени даноци и придонеси.

За целите на пресметувањето на износот за враќање на примената финансиска поддршка за исплата на плати, работодавачот кој го искористил правото на финансиска поддршка за исплата на плати поднесува Барање за пресметување на износот за враќање на примената финансиска поддршка за исплата на плати до УЈП.

Формата и содржината на барањето го пропишува министерот за финансии.

Враќањето на износот, ќе се изврши на три месечни рати, без камата, во месеците април, мај и јуни 2021 година.

### *7. ТРАНСФОРМАЦИЈА ОД ПОВРАТНА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА, ВО ГРАНТ (НЕПОВРАТНА)*

Согласно одредбите од член 7 став 5 се предвидува и можност за трансформација на примената субвенција - финансиска поддршка за исплата на плати, доколку се исполнат определени услови, на за работодавачите кои имаат максимален број на вработени до 250.

Финансиската поддршка за исплата на плати е неповратна за работодавач-корисник на финансиска поддршка кој вработува до 250 вработени, кој:

- во последните 2 години искажал добивка после оданочување,

- не се наоѓа на листата на должници согласно со последната објавена Листа на должници на доспеани и неплатени долгови на Управата за јавни приходи на денот на поднесување на барањето,

- заклучно со 29 февруари 2020 година не доцнел со плаќање на обврските по основ на кредити подолго од 90 дена од денот на достасаноста, согласно со податоците за задолженост од соодветен регистар/биро,

- ќе докаже дека финансиските средства во износ еднаков или поголем од износот на добиена финансиска поддршка ги искористил за:

**а) инвестиции во вработени**:

- обука на вработените во области како што се маркетинг и брендирање, финансиско управување, подобрување на производството, истражување и развој, дигитални вештини и надградба и слични обуки,

- обука на вработените за управување како што е бизнис менаџмент, стратегија, корпоративно управување или која било активност дефинирана под обука на вработените за целите на вршење на дејноста.

**б) оперативни подобрувања на компанијата**:

- набавки поврзани со надградба на производството (на пр. подобрување на производство и дизајнирање на процеси), маркетинг и брендирање, промена на деловниот модел, дигитална трансформација (автоматизација, онлајн трговија), нова експанзија на пазарот, развој на нов производ и слични набавки,

- воведување на акредитирани нови стандарди, набавки на патенти, авторски права, трговски марки и други права од интелектуална сопственост,

**в) продуктивен капитал**:

- набавки на опрема и други средства кои се користат за подобрување на ефикасноста и продуктивноста на работењето, опрема поврзана со производството, компјутери и друга соодветна опрема, софтвер, опрема за транспорт и слични набавки во функција на вршење на дејноста.

Набавките за целите на вообичаени деловни активности на компанијата нема да бидат признаени за набавки н продуктивен капитал (пример: плати, канцелариски трошоци, трошоци за одржување, комунални трошоци, трошоци за сметководство и правни работи, за усогласеност и владини такси), трошоци за финансирање, изнајмување, продажни активности /рекламирање, репрезентација, трговски изложби/, набавки за одржување на постојниот софтвер, набавки за одржување на постојните сертификати во индустријата и слични тековни набавки (трошоци).

Набавките работодавачот-корисник на финансиска поддршка треба да ги изврши до крајот на 2020 година.

Работодавачот-корисник на финансиска поддршка кој ги исполнил условите за трансформација во грант од член 7 став 5 до УЈП доставува **Барање за претворање на финансиската поддршка за исплата на плати во грант**, најдоцна до рокот за поднесување на даночниот биланс за 2020 година.

Во прилог на Барањето **се приложуваат**:

- **фактурите** за извршените набавки и
- **изводи** од носител на платен промет како доказ за извршеното плаќање на фактурите.

Кон Барањето за претворање на финансиската поддршка за исплата на плати во грант, работодавачот-корисник на финансиска поддршка до УЈП доставува Уверение за платени даноци и придонеси. Формата и содржината на барањето го пропишува министерот за финансии.

Работодавачот-корисник на финансиска поддршка кој не ги исполнил условите за претворање во грант и не ги презентирал доказите неопходни за одобрување на трансформацијата во грант, враќањето на износот на субвенцијата ќе го изврши на три месечни рати, без камата, сметано од денот на добивањето на решение за одбивање на барањето за трансформација во грант од УЈП.

Во рок од 15 дена од приемот на Барањето, УЈП го известува работодавачот за пресметаниот износот за враќање на добиената финансиска поддршка или за целосно ослободување од враќање на добиената поддршка или во рок од 15 дена од приемот на Барањето, го известува работодавачот за одбивање на барањето за претворање на финансиската поддршка за исплата на плати во грант или издава решение за претворање на финансиската поддршка за исплата на плати во грант.

Подзаконските прописи од уредбата министерот за финансии ќе ги донесе најдоцна во рок од 20 дена од денот на влегувањето во сила на истата.

Со денот на влегувањето во сила на Уредбата престанува да важи Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите од приватниот сектор погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот Covid-19, заради исплата на платите за месеците април и мај 2020 година („Службен весник на РСМ“ 93/20 и 97/20).

### *8. ПОПОЛНУВАЊЕ НА ОБРАЗЕЦ БФП-ИП*

Се означуваат полињата со соодветно пополнување на квадратчето пред прашањето, кај поле В се внесува шифрата на дејност и описот на истата.

Поле Ѓ се пополнува во зависност кога е отпочнато вршење на дејноста пред 2019 (поле а), после март 2019 (поле б) и сезонско работење (поле в).

Субјектите кои се регистрирани пред 2019 година и не се угостители, транспортери или туристички друштва, ги означуваат полињата а), г), д), ѓ), ж) и з). Овие субјекти не го означуваат за разлика од претходните полето е) од редот Ѓ.

Субјектите кои се регистрирани пред 2019 година и вршат угостителска, транспортна или туристичка дејност, ги означуваат полињата а), г), д), ѓ), е), ж) и з).

Понатаму полињата од Прашалникот Е, се пополнува со ДА и НЕ за соодветната дејност, доколку субјектот има обавување на активности од наведените во прашалникот.

Исто така полињата со прашањата за животната средина задолжително треба да се пополнети и вообичаен одговор е НЕ, освен доколку субјектот по двата основа нема добивано записници или имал повреди и смртни случаи на несреќи при работа.

Задолжително треба да се пополни и рамката од четирите прашања со кои компанијата се обврзува за исполнување на наведените услови (задолжителен одговор ДА).

Задолжително се означува и последното поле под Ж дека барателот ги разбира условите под кои се дозволува субвенција за исплата на платите.

# БАРАЊЕ
**за финансиска поддршка на работодавач заради исплата на плати за месеците април и мај 2020 година**

**БФП-ИП**

* *Пополнува Управа за јавни приходи*

Единствен даночен број: ______

Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт: ______

Телефон: ______

е-пошта: ______

Датум и број на прием: ______

## А. СВОЈСТВО НА БАРАТЕЛОТ

☐ Работодавач - правно лице ☐ Работодавач - самовработено лице за своите вработени

## Б. ИЗВРШУВАМ ДЕЈНОСТ
*(согласно Националната класификација на дејности - НКД Рев.2: Угостителска дејност, Туризам, Транспорт)*

☐ ДА ☐ НЕ

## В. ШИФРА И ОПИС НА ДЕЈНОСТ ШТО ЈА ВРШИ БАРАТЕЛОТ *(наведи ја шифрата на дејност од според НКД рев.2)*

Шифра ______ Дејност ______

## Г. ПЕРИОД НА ЗАПИС ВО СООДВЕТЕН РЕГИСТАР (ОСНОВАЊЕ)

☐ а) до февруари 2019 година

☐ б) во период од месец март 2019 година заклучно со месец февруари 2020 година

## Д. МЕСЕЦ ЗА КОЈ СЕ БАРА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

☐ Април 2020 ☐ Мај 2020

## Ѓ. ИЗЈАВА ЗА ИСПОЛНЕТОСТ НА УСЛОВИТЕ ПОД КОИ СЕ ДОЗВОЛУВА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

**Изјавувам дека ги исполнувам следните услови:**

☐ а) Вкупните приходи намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење, во месецот за кој барам финансиска поддршка за исплата на плати се намалени за најмалку 30% во однос на месечниот просек на вкупните приходи намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење, остварени во 2019 година

☐ б) Вкупните приходи намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење, во месецот за кој барам субвенционирање се намалени за најмалку 30% во однос на месечниот просек на вкупните приходи намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење, остварени од денот на запишувањето во соодветен регистар во 2019 година и месеците јануари и февруари 2020 година

☐ в) Просечните вкупни приходи намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење за последниот сезонски период од 4 месеци споредено со просечните вкупни приходи намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење за сезонскиот период од истите 4 месеци во претходната година се намалени за најмалку 30%

☐ г) Не е исплатена дивиденда на сопственицитe и не е извршена исплата по основ на награда за деловна успешност (учество во добивка, бонус) или друг вид на годишна награда на вработените и органите на управување и надзор на работодавачот - барател на финансиска поддршка, од денот на влегувањето во сила на уредбата, до денот на исплатата на платата за месец мај 2020 година

☐ д) Нето платата на работникот за последните три месеци не е повисока од 39.900 денари за секој месец одделно, сразмерно на часовите на пријавено работно време (полно или неполно работно време), односно доколку работникот засновал работен однос за време пократко од три месеци, нето платата на работникот не е повисока од 39.900 денари за секој месец одделно за периодот за кој е пријавен во работен однос, сразмерно на часовите на пријавено работно време (полно или неполно работно време)

| | |
|---|---|
| ☐ | ѓ) За месецот за кој барам финансиска поддршка, повеќе од 10% од вкупниот број на вработени немаат поединечна месечна нето плата поголема од 120.000 денари месечно по вработен |
| ☐ | е) Како работодавач кој не врши угостителска дејност или туризам или транспорт, нема да користам субвенционирање согласно со Уредбата со Законска сила за субвенционирање на износ за исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за време на вонредна состојба |
| ☐ | ж) За вработените за кои ќе користам финансиска поддршка согласно со Уредбата, не користам ослободување од плаќање на данокот на личен доход и придонеси од задолжително социјално осигурување, согласно со Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност (за мерките од проектот "Македонија вработува") |
| ☐ | з) За времетраење на финансиската поддршка согласно со Уредбата и два месеци после нејзиното престанување (заклучно со месец јули 2020 година), во однос на месец април 2020 година, бројот на вработени со исклучок на причините за намалување од членот 6 ставот (2) од Уредбата, нема да го намалам за повеќе од 5%, 10%, односно 15% согласно условите дефинирани во Уредбата |

Оваа мерка за финаниска поддршка на работодавачите заради справување со COVID-19 кризата е поддржана и ко-финансирана со заем од Светската Банка. Пополнувањето на Прашалникот од точка „Е" кој е изработен по стандардите на Светска Банка, е задолжителен но истиот **НЕ претставува предуслов за добивање на финансиската поддршка**. Прашалникот ќе послужи за потребите на проектот заради утврдување на делот на финансирање на истиот со средства обезбедени од Светска Банка.

Сите компании треба задолжително да одговорат на сите прашања. Барателите нема да имаат можност да добијат комплетно барање доколку не одговорат на сите наведени прашања.

☐ Со штиклирање на ова квадратче, корисникот на грант средства, кои се финансирани од страна на Светска банка преку ова барање, се согласува да ги почитува одредбите од Упатството за борба против корупцијата на Светска банка.

## Е. ПРАШАЛНИК

*Ве молиме означете дали вашата компанија е вклучена во следниве активности:*

| | | |
|---|---|---|
| Трговија со животни и производи од животинско потекло забранети согласно Спогодбата за меѓународна трговија со загрозени видови на дива фауна и флора (CITES) | ☐ ДА | ☐ НЕ |
| Производство, дистрибуција и продажба на забранети пестициди и хербициди | ☐ ДА | ☐ НЕ |
| Производство, ракување и отстранување на радиоактивни производи | ☐ ДА | ☐ НЕ |
| Складирање, третман и отстранување на опасен отпад сертифицирано / дозволено во согласност со националното законодавство и ЕУ | ☐ ДА | ☐ НЕ |
| Користење на хлорофлуоројаглеродите (CFC) при производство или сервис или на други супстанци регулирани со Монтреалскиот протокол | ☐ ДА | ☐ НЕ |
| Производство на електрична опрема што содржи полихлорирани бифенили (PBC) повеќе од 0,005% од тежина | ☐ ДА | ☐ НЕ |
| Производство на производи кои содржат азбест | ☐ ДА | ☐ НЕ |
| Производство на нуклеарни реактори и нивни делови | ☐ ДА | ☐ НЕ |
| Производство на тутун, преработен или непреработен | ☐ ДА | ☐ НЕ |
| Производство на машини за преработка на тутун | ☐ ДА | ☐ НЕ |
| Производство на огнено оружје | ☐ ДА | ☐ НЕ |
| Производство или трговија со алкохолни пијалоци (со исклучок на пиво и вино, угостителски услуги и туризам) | ☐ ДА | ☐ НЕ |
| Игри на среќа | ☐ ДА | ☐ НЕ |

## ЖИВОТНА СРЕДИНА

| | | |
|---|---|---|
| Дали во изминатата година компанијата имала негативни извештаи / записници или парници поврзани со животната средина? | ☐ ДА | ☐ НЕ |
| Дали компанијата била одговорна за смртни случаи или сериозни повреди на вработен на работно место при работа во изминатата година? | ☐ ДА | ☐ НЕ |

## ДАЛИ КОМПАНИЈАТА СЕ ОБВРЗУВА ДА ГИ ИСПОЛНУВА СЛЕДНИТЕ УСЛОВИ:

| | | |
|---|---|---|
| Сите вработени во компанијата имаат договори за вработување | ☐ ДА | ☐ НЕ |
| Да дава јасен опис на работните позиции и условите за вработување на своите вработени | ☐ ДА | ☐ НЕ |
| Потврдување на возраста. Ве молиме за потврден одговор дека Вашата компанија не вработува малолетни лица | ☐ ДА | ☐ НЕ |
| Компанијата ги исполнува и е во согласност со регулативите и националната стратегија за безбедност и здравје при работа (со посебен акцент на градежната индустрија) | ☐ ДА | ☐ НЕ |

2/4

### Ж. ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

☐ Ги разбирам условите под кои се дозволува субвенцијата и под полна материјална и кривична одговорност изјавувам дека точно сум ги потполнил и сум согласен со горенаведените податоци.

### ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив / Име и презиме | | | |
| ЕДБ / ЕМБГ | | Датум на поднесување | |
| Својство | | Потпис | |

### ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | | | |
| ЕМБГ | | Датум на поднесување | |
| Својство | | Потпис | |

**Пополнува Управа за јавни приходи*

| | |
|---|---|
| Податоци за обработката | |

3/4

# СУБВЕНЦИИ

*дипл. економист: Ромео Костадинов*

## *СУБВЕНЦИИ ДО 50% НА ПРИДОНЕСИ ОД ЗСО*

***Субвенциите за финансиска поддршка претставени преку субвенции за придонеси во висина на 50% од придонесите за платите за месеците април, мај и јуни, конечно се заокружени со последните измени на Уредбата за субвенционитење извршени од 05.05.2020 година.***

### *ВОВЕД*

Поддршката за исплата на субвенција за придонесите до 50% од плати за месец април, мај и јуни за стопанските субјекти во РСМ, погодени од COVID-19 се претставени преку одредбите од Уредбата, која е дополнета со нови измени од 05.05.2020 година.

Уредбата за субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување (ЗСО) за време на вонредна состојба ("Службен весник на РСМ" 92/2020 и 116/2020), конечно дефинирана со објавувањето и поставувањето на барањето за субвенционирање на "e-tax".

Со последните измени на Уредбата се дозволува користење во исто време на помош за плати и субвенционирање на износот од 50% од придонесите од ЗСО.

Измените направени во 116/20 вршат усогласување со условите на користење, како и во поглед на усогласување на обврските, кои произлегуваат од користењето на субвенцијата.

Уредбата со законска сила влегува во сила со денот на нејзиното објавувањето во "Службен весник на РСМ", односно од 05.05.2020 година.

## *1. КОЈ ИМА ПРАВО НА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ*

Со уредбата, се уредуваат условите, начинот и постапката на субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување, за месеците април, мај и јуни 2020 година.

**Работодавачот - правен субјект** кој вработува работници врз основа на договор за вработување и **физичко лице вршител на самостојна дејност** кој вработува работници, врз основа на договор за вработување, како и работодавач корисник согласно Законот за приватни агенции за вработување, можат да аплицираат за помош, со исполнување на услови.

### *1.1. Субвенционирање на придонесите од ЗСО*

Обврзник за пресметка и уплата на придонесите, односно **правно лице**, **самовработено лице** согласно Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување и **приватната агенција за вработување**, ги остваруваат правата за субвенционирање на придонесите, **за своите вработени**.

На работодавачот, за секој осигуреник, за месеците април, мај и јуни 2020 година, му се субвенционира износ за исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување, во висина од 50% од пресметаните придонеси од задолжително социјално осигурување од страна на обврзникот.

Субвенционирањето е максимирано **на најмногу до 50% од придонесите** од задолжително социјално осигурување **пресметани на просечната бруто плата по работник во РСМ,** според податоците на Државниот завод за статистика, објавена во месец јануари 2020 година.

## *2. УСЛОВИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ СУБВЕНЦИЈА*

За користење на субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување, работодавачот треба да ги исполни условите, согласно член 3 од уредбата.

## *2.1. Основен услов - 30% намалување на приходот во април, мај и јуни 2020, во однос на истиот просечниот месечен приход од претходната година*

### *2.1.1. Регистрирани пред 2019 година*

Намалувањето на вкупните приходи намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење во месец април 2020 година, во месец мај 2020 или во месец јуни 2020 година, да изнесува повеќе од 30% во однос на просечните вкупни приходи на месечно ниво намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење остварени во 2019 година.

### *2.1.2. Регистрирани во 2019 година*

За работодавач кој е запишан во соодветен регистар (основан) по месец март 2019 година, вкупните приходи намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење за месец април 2020 година, месец мај 2020 и месец јуни 2020 година да се помали за најмалку 30% во однос на просечните вкупни приходи на месечно ниво намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење остварени од денот на запишувањето во соодветен регистар во 2019 година и месеците јануари и февруари 2020 година.

### *2.1.3. Сезонски карактер на работење*

За работодавачот кој врши дејност од сезонски карактер, намалувањето на просечните приходи намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење за последниот сезонски период од четири месеци споредено со просечните приходи намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење за сезонскиот период од истите четири месеци во претходната година да изнесува повеќе од 30%;

*2.2. Зачувување на бројот на вработени*

Бројот на вработени кај работодавачот кој побарува финансиска поддршка, земајќи ги во предвид и вработените преку приватна агенција за вработување за времетраење на субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување **не смее да се намали**.

Согласно уредбата два месеци по нејзиното престанување (заклучно со месец август 2020 година), во однос на бројот на вработени во месец април 2020 година, бројот на вработени да не се намали, **освен заради**:

1. пензионирање и смрт на работник;

2. откажување на договорот за вработување од страна на работникот;

3. откажување на договорот за вработување без от- казен рок од страна на работодавачот поради кршење на работниот ред и дисциплина или работните обврски;

4. спогодбено преземање на работник;

5. престанување на важноста на договорот за вработување врз основа на судска пресуда и

6. престанување на важноста на договорот за вработување поради утврдена трајна неспособност за работа.

Вкупниот број на вработени кај работодавачот- корисник на субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за време на вонредна состојба, **да не е намален** (по основ на претходно цитираните основи по шесте точки), **заклучно со месец август 2020** година, за повеќе од:

- 15% кај работодавач кој имал до 50 вработени во месецот за кој користел субвенција;

- 10% кај работодавач кој имал од 51 до 250 вработени во месецот за кој користел субвенција и

- 5% кај работодавач кој имал над 250 вработени во месецот за кој користел субвенција.

### *2.3. Неисплаќање на дивиденда и награди за деловна успешност*

Работодавачот не треба да исплатува дивиденда на сопствениците, како и да нема извршено исплата по основ на награда за деловна успешност на работодавачот со шифра 102 во Месечната пресметка за интегрирана наплата (МПИН образец) на вработените и органите на управување и надзор на работодавачот.

Забраната за исплата на дивиденда и награда за деловна успешност на работодавачот со шифра 102 од МПИН, се однесува за периодот од денот на влегувањето во сила на оваа уредба (**од 05.05.2020**), до денот на **исплатата** на платата за месец **јуни 2020** година (најкасно до 15.07.2020).

## *3. ЗА КОИ СУБЈЕКТИ НЕ СЕ ОДНЕСУВА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕТО*

Субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување согласно уредбата со законска сила, не може да користат субјекти според типот на припадноста и кои користат други дополнителни субвенции или типови на помош.

### *3.1. Субјекти од јавен сектор и друштва чиј основач е државен или јавен орган*

Субвенционирањето на придонесите не се однесува за орган на државна и на локална власт и други државни органи основани согласно со Уставот на РСМ и со закон, институции кои вршат дејност од областа на образованието, науката, здравството, културата, трудот, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот, како и во други дејности од јавен интерес утврден со закон, а организирани како агенции, фондови, јавни установи, јавни претпријатија и трговски друштва основани од РСМ, општините, градот Скопје и општините во градот Скопје (јавен сектор).

Исто така забраната се однесува и за приватна агенција за вработување за осигуреник кој е отстапен кај обврзник од горе наведените субјекти од јавниот сектор и во друштва чиј основач е државен или јавен орган.

### *3.2. Да не применува барање за субвенционирање за вработените на дополнително работење од член 121 од ЗРО.*

Субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување, не може да се користи за лице - работник со дополнително работење со неполно работно време кај друг работодавач, согласно членот 121 од Законот за работните односи.

### *3.3. Да не користи субвенционирање за исплата на плати за месец април и мај од 14.500 за вработениот (не се однесува за шифри на дејност: угостителство, транспорт и туризам);*

Субвенционирање на износот за исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување согласно оваа уредба со законска сила, не може да се оствари доколку работодавачот користи финансиска поддршка заради исплата на плати во износ од најмногу 14.500 денари месечно по работник за месеците април и мај 2020 година, согласно Уредбата за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено – економската криза предизвикана од Коронавирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците април и мај 2020 година.

Ограничувањето на субјектите работодавачи кои можат да учествуваат за аплицирање и остварување на двете субвенционирања истовремено се однесува на погодените дејности со времените мерки.

Следните субјекти, можат истовремено да ги користат двете субвенции, доколку спаѓаат во групата субјекти кои ги вршат дејностите наведени согласно со Националната класификација на дејности - НКД Рев. 2:

* угостителска дејност (шифра 56 – дејности за подготовка и служење на храна),

* туризам (шифра 79 – туристички агенции организатори на патувања (тур-оператори) и останати резервациски услуги како и дејностите поврзани со нив и шифра 55 – објекти за сместување) и

* транспорт (шифра 49 – копнен транспорт и цевоводен транспорт, шифра 50 – воден транспорт, шифра 51 – воздухопловен транспорт и шифра 52 – складирање и помошни дејности во превозот).

Условот за истовремено користење на двете субвенции се однесува за горе наведените субјекти од шифрите на дејности кои:

- за 2018 и 2019 година немаат искажано загуба после оданочување;
- немаат неплатени јавни давачки (данок на додадена вредност, данок на добивка, данок на личен доход, придонеси од задолжително социјално осигурување, како и акцизи и царини) согласно со објавената Листата на должници на доспеани и неплатени долгови бр. 03/2020 објавена на веб страната на Управата за јавни приходи и
- заклучно со 29.2.2020 година не доцнел со плаќање на обврските по основ на кредити подолго од 90 дена од денот на достасаноста, согласно податоците за задолженост од соодветен регистар/биро.

### *3.4. Исклучување за вработени за кои се користи субвенционирање на придонесите поради зголемување на платите од 600 до 6.000 МКД*

Субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување согласно оваа уредба со законска сила не може да се користи **истовремено за вработен** за кој работодавачот користи субвенционирање согласно Законот за субвенционирање на придонесите од задолжително социјално осигурување поради зголемување на плата („Службен весник на РСМ" 239/19).

Наведеното исклучување се однесува и за вработените во субјектите кои припаѓаат и на шифрите на дејности, кои се најпогодени од вонредните мерки: туризам угостителство и транспорт.

## *4. ОСТВАРУВАЊЕ НА СУБВЕНЦИЈАТА*

За остварување на правото на субвенционирање на придонесите до 50%, работодавачот поднесува Барање за субвенционирање на износ за исплата на придонеси од ЗСО до УЈП, на ***Образец БС-ПЗСО***.

Во прилог на Барањето - ***Образецот БС-ПЗСО***, работодавачот приложува Изјава од застапникот по закон за исполнетоста на условите од членот 4 став 2 и член 5 од уредбата.

Поднесувањето на Барањето, се врши преку системот Е-даноци на Управата за јавни приходи, а комплетното барање, го потврдува Управата за јавни приходи, во рок од пет дена од денот на неговото доставување.

***Барањето,*** односно Образецот БС-ПЗСО е во Прилог и е составен дел на уредбата, кое е објавено на е-тах на УЈП и истото се поднесува до 07.05.2020.

Обврзникот во Месечната пресметка за интегрирана наплата (МПИН образец), што ја поднесува до Управата за јавни приходи, за осигуреникот за кој бара субвенционирање на плаќањето на придонеси **во полето 3.23 внесува шифра 620**.

Управата за јавни приходи, за осигурениците за кои е одобрено субвенционирање, го намалува износот на обврската за плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување, за износот на одобреното субвенционирање на придонесите.

Податоците за одобреното субвенционирање на плаќање на придонеси, Управата за јавни приходи ги доставува до Министерството за труд и социјална политика, најдоцна до 20-ти во месецот за претходниот месец.

Износот на одобрените субвенции на придонеси во претходниот месец го уплатува Министерството за труд и социјална политика на посебни сметки за придонеси од задолжително социјално осигурување, најдоцна во рок од 10 дена по прием на податоците од страна на Управата за јавни приходи.

### *5. ВРАЌАЊЕ НА СУБВЕНЦИЈАТА*

Враќањето на субвенциите по основ на придонеси до 50% од ЗСО, се врши поради неисполнување на условите кои биле пресудни за доделување на субвенцијата, но и поради дополнителни услови со годишната сметка за 2020 година.

### *5.1. Враќањето на субвенциите поради неисполнување на условите за доделување на субвенцијата*

Работодавачот кој користел субвенција за исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување должен е да ги врати добиените финансиски средства во целост, доколку по извршена контрола од страна на Управата за јавни приходи и/или Државниот инспекторат за труд, се утврди дека работодавачот не ги исполнил условите од членот 4 став 2 и членот 5 од уредбата со законска сила, врз основа на решение за утврдена неправилност.

Условите кои се проверуваат се:

- намалување на вкупниот приход 30%;
- да не извршил намалување на бројот на вработените или над дозволените проценти по дозволени основи за отказ на договорите за работа од член 4 став 2;
- да не исплатил дивиденда до 15.07.2020;
- да не исплатил награди за деловна успешност со шифра 102 од МПИН до 15.07.2020;
- да не користи субвенции за исплати на плати до 14,500, истовремено ако не припаѓа на шифрите од туризам, угостителство и транспорт;
- да не користел за вработениот истовремено и субвенции за придонеси поради зголемена плата до 6.000 МКД.

Работодавачот кој го искористил правото, а не ги исполнил условите од член 4 став 2 и член 5 од уредбата, должен е да го врати износот на субвенции за исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување, на сметка на Буџетот на РСМ.

### *5.2. Враќањето на субвенциите поради исполнување/неисполнување на дополнителни услови со годишната сметка за 2020 година*

Работодавачот кој го искористил правото на субвенционирање за исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување, должен е примените финансиски средства да ги врати во Буџетот на Република Северна Македонија, но **најмногу до износот од 50%** од:

- остварениот финансиски резултат за 2020 година зголемен за износот на оданочивите расходи и помалку искажаните приходи од Даночниот биланс;

- остварениот финансиски резултат од Билансот на успех (добивка пред оданочување) за 2020 година за обврзниците кои се во режимот на годишен данок на вкупен приход;

- износот на искажаниот финансиски резултат пред оданочување во образецот Б, зголемен за непризнаените расходи за даночни цели од Годишниот даночен биланс за утврдување на данокот на доход од вршење на самостојна дејност.

Враќањето на износот, ќе се изврши на три месечни рати без камата во месец април, мај и јуни 2021 година.

Доколку работодавачот не постапил според обврските за враќање на субвенцијата, Управата за јавни приходи ќе изврши наплата по службена должност.

**БАРАЊЕ**
**за субвенционирање на износ за исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување**

**БС-ПЗСО**

** Пополнува Управа за јавни приходи*

| | |
|---|---|
| Единствен даночен број | |
| Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт | |
| Телефон | |
| е-пошта | |

| | |
|---|---|
| Датум и број на прием | |

## А. СВОЈСТВО НА БАРАТЕЛОТ

☐ Работодавач - правно лице

☐ Работодавач - Самовработено лице (само за себе или за своите вработени)

## Б. МЕСЕЦ ЗА КОЈ СЕ БАРА СУБВЕНЦИЈА

☐ Април 2020

☐ Мај 2020

☐ Јуни 2020

## В. ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ИЗНОС ЗА ИСПЛАТА НА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

**Изјавувам дека ги исполнувам условите за СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ИЗНОС ЗА ИСПЛАТА НА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ**

☐ а) Вкупните приходи намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење во месецот за кој барам субвенционирање се намалени за повеќе од 30% во однос на просечните вкупни приходи на месечно ниво намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење остварени во 2019 година

☐ б) Вкупните приходи намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење за месецот за кој барам субвенционирање се намалени за повеќе од 30% во однос на просечните вкупни приходи на месечно ниво намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење, остварени од денот на запишувањето во соодветен регистар во 2019 година и месеците јануари и февруари 2020 година, а сум запишан во соодветен регистар по месец март 2019

☐ в) Просечните приходи намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење на работодавачот-барател за последниот сезонски период од четири месеци споредено со просечните приходи намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење за сезонскиот период од истите четири месеци во претходната година се намалени за повеќе од 30%

☐ г) Бројот на вработени, земајќи ги во предвид и вработените преку приватна агенција за вработување за времетраење на субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување заклучно со месец август 2020, во однос на бројот на вработени во месец април 2020 година, нема да го намалам, освен заради причините од член 4 став (2) точка б) од уредбата поради кои бројот на вработени нема да го намалам за повеќе од 5%, 10%, односно 15% согласно условите дефинирани во Уредбата

☐ д) Нема да исплатам дивиденда на сопствениците и нема да вршам исплата по основ на награда за деловна успешност на работодавачот со шифра 102 во МПИН образецот на вработените и органите на управување и надзор на работодавачот, од денот на влегувањето во сила на оваа уредба, до денот исплатата на платата за месец јуни 2020 година

☐ ѓ) За вработените за кои ќе користам субвенција согласно оваа уредба истовремено нема да користам субвенционирање согласно Законот за субвенционирање на придонесите од задолжително социјално осигурување поради зголемување на плата

☐ е) Како работодавач кој не вршиу гостителска дејност или туризам или транспорт, за вработените за кои ќе користам субвенција согласно оваа уредба, нема да користам финансиска поддршка заради исплата на плати согласно Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено – економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците април и мај 2020 година

## Г. ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ИЗНОС ЗА ИСПЛАТА НА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

☐ **Изјавувам под целосна морална, материјална и кривична одговорност дека сите податоци дадени во ова Барање се проверени и целосно вистинити**

1/3

**ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив / Име и презиме | | | |
| ЕДБ / ЕМБГ | | Датум на поднесување | |
| Својство | | Потпис | |

**ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | | | |
| ЕМБГ | | Датум на поднесување | |
| Својство | | Потпис | |

** Пополнува Управа за јавни приходи*

| | |
|---|---|
| Податоци за обработката | |

2/3

# СУБВЕНЦИИ

*дипл. економист: Јулија Минковска*

## ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА КОИ ВРШАТ САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ ПОГОДЕНИ ОД ЗДРАВСТВЕНО-ЕКОНОМСКАТА КРИЗА, ПРЕДИЗВИКАНА ОД ВИРУСОТ COVID-19 ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНАТА СОСТОЈБА

***Во „Службен весник на РСМ " бр.92/20 објавена е Уредбата со законска сила за финансиска подршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID- 19 за време на вонредна состојба.***

### *ВОВЕД*

Согласно Уредбата, со законска сила за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност ( во продолжение Уредбата), се уредуваат условите, начинот и постапката на финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено – економската криза предизвикана од Корона вирусот COVID-19, за **месеците АПРИЛ И МАЈ 2020 година.**

**Физичко лице кое врши самостојна дејност претставува:**

- ***Трговец поединец,***
- ***Физичко лице кое врши земјоделска дејност***,
- ***Лице кое врши занаетчиска дејност и***
- ***Лице кое врши услуги, кое остварува доход од вршење дејност и е запишано во соодветен регистар.***

За финансиската поддршка на физичко лице кое врши самостојна дејност од Уредбата со законска сила, Владата на РСМ донесе **Програма за финансиска поддршка на физичките лица кои вршат самостојна дејност** погодени од здравствено - економската криза предизвикана од Корона вирусот COVID-19, за исплата на **ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА** преку која физичкото лице – Барател на финансиска поддршка **за исплата на финансиските средства за месеците АПРИЛ и МАЈ 2020 година, врши трансакции за дејноста** (*односно физичко лице кое врши самостојна дејност – барател на финансиска подршка*).

**Предмет на финансиска поддршка е исплата на финансиски средства за месеците Април и Мај 2020 година, во износ од 14.500 денари месечно за физичкото лице кое врши самостојна дејност барател на финансиска поддршка.**

## *1. УСЛОВИ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДРШКА*

### *1.1. Поднесување на барање за добивање на финасиска подршка*

Согласно Член 3 од Уредбата, физичкото лице кое врши самостојна дејност - Барател на финансиска поддршка поднесува **БАРАЊЕ за финансиска поддршка за исплата на финансиски средства** до Управата за јавни приходи, кое е дадено во Прилог и е составен дел на уредбата со законска сила.

Барањето, физичко лице кое врши самостојна дејност - барател на финансиска поддршка, го поднесува преку системот **Е-ПДД** на Управата за јавни приходи **до 5-ти во месецот за претходниот месец**, а комплетноста на Барањето го потврдува Управата за јавни приходи, **во рок од три дена од денот на приемот на Барањето.**

Кон Барањето, физичкото лице кое врши самостојна дејност и се оданочува по вистински доход - **Барател на финансиска поддршка дава Изјава за исполнетоста на условите**, а физичко лица кое врши самостојна дејност и се оданочува според утврден годишен паушален нето доход **дава Изјава за исполнетоста на условите.**

### *1.2. Услови за користење на финансиска поддршка*

За користење на финансиската поддршка, физичкото лице кое врши самостојна дејност - барател на финансиска поддршка, **а се оданочува според вистински доход, треба да ги исполни следните услови:**

1) **За физичко лице** кое врши самостојна дејност - барател на финансиска поддршка кое е запишано во соодветен регистар (основан) **ПРЕД месец МАРТ 2019 година**,

- **Намалувањето на вкупните приходи** на физичкото лице од вршење на самостојна дејност - барател на финансиска поддршка, **во месец Март 2020 година да изнесува повеќе од 30% во однос на месечниот просек на вкупните приходи,** остварени од самостојна дејност во 2019 година,

**ПРИМЕР:**

| | |
|---|---|
| 1 Вкупно Приходи за месец МАРТ/2020 | 15.000,00 |
| 2. Вкупни приходи за 2019 | 309.000,00 |
| 3. Месчен просек на Вкупни приходи за 2019 (309.000 : 12 = 25.750) | 25.750,00 |

**ПРЕСМЕТКА**: 25.750 - 15.000
-------------------- x 100 = 41,75%
25.570

**НАПОМЕНА: Според наведениот пример вршителот на дејност го исполнува условот за добивање на Финансиска поддршка, бидејќи Вкупните приходи во месец МАРТ/2020 го-дина се намалени за повеќе од 30% кое изнесува 41,75%.**

2) **За физичко лице** кое врши самостојна дејност - барател на финансиска поддршка кое е запишано во соодветен регистар (основан) **ПОСЛЕ** месец **Март 2019** година,

- **Вкупните приходи од самостојна дејност, за месец Април 2020 година или месец МАј 2020 година да се помали за најмалку 30%** во однос на месечниот просек на вкупните приходи остварени од самостојна дејност од денот на запишувањето во соодветен регистар во 2019 година и месеците **Јануари и Февруари 2020 година.**

**ПРИМЕР: Вршител на дејност започнал со работа од месец Август 2019 година**

| | |
|---|---|
| 1. Вкупно Приходи за месец Април/2020 | 30.000,00 |
| 2. Вкупни приходи од Август/2019 до Февруари/ 2020 | 500.000,00 |
| 3. Месечен просек на Вкупни приходи од Август/2019 до Февруари/ 2020 (500.000: 7 = 71.429) | 71.429,00 |

**ПРЕСМЕТКА:** $\frac{\mathbf{71.429 - 30.000}}{\mathbf{71.429}} \times 100 = \mathbf{58\%}$

**НАПОМЕНА: Според наведениот пример вршителот на дејност го исполнува условот за добивање на Финансиска поддршка бидејки Вкупните приходи остварени од Август 2019 година заклучно се февруари/2020 година се намалени за повеке од 30% кое изнесуваа 58%.**

**3) За физичко лице кое врши самостојна дејност** - барател на финансиска поддршка, **кој врши дејност од сезонски карактер,**

- **Намалувањето на просечните приходи** од самостојна дејност **за последниот сезонски период од четири месеци** споредено со просечните приходи од самостојна дејност за сезонскиот период **од истите четири месеци во претходната година да изнесува повеќе од 30%.**

**ПРИМЕР: Вршител на дејност кој врши дејност од сезонски карактер.**

1. Вкупно Просечен Сезонски Приход
за **I II III IV/2020** 15.000,00
2. Вкупно Просечен Сезонски Приход
за **I II III IV /2019** 20.000,00

**ПРЕСМЕТКА:** $\frac{20.000-15.000}{20.000} \times 100 =$ **25%**

**НАПОМЕНА: Според наведениот пример вршителот на дејност не го исполнува условот за добивање на Финансиска поддршка бидејќи Вкупниот сезонски приход од 2020 во однос на вкупниот сезонски приход од 2019 година не намален за повеќе од повеќе од 30% и изнесува 25%.**

**4) За физичко лице кое врши самостојна дејност –** кој се оданочува по вистински доход

- Финансиската поддршка не може да оствари физичко лице вршител на самостојна дејност кое се оданочува по **ВИСТИНСКИ ДОХОД и кое во 2019 година на годишно ниво има остварено нето доход пред оданочување во износ ПОГОЛЕМ од 478.800 денари.**

**5) За физичко лице кое врши самостојна дејност –** кој се оданочува според утврден годишен паушален нето доход

- Финансиската поддршка не може да оствари физичко лице вршител на самостојна дејност и се оданочува според утврден годишен паушален нето доход **и кое во 2019 година има утврден годишен паушален нето доход поголем од 478.800 денари.**

**За времетраење на финансиската поддршка** согласно со уредбата со законска сила **и четири месеци по престанувањето на важењето на оваа уредба** со законска сила, физичкото лице кое врши самостојна дејност – корисник на финансиска поддршка **не може да престане со вршење на дејноста, освен во случај на пензионирање и смрт на физичкото лице.**

## *2. ИСПЛАТА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА*

Согласно Член 6 од Уредбата, **Управата за јавни приходи до 10-ти во месецот за претходниот месец, ја известува Владата** на Република Северна Македонија за физичките лица кои вршат самостојна дејност - баратели на финансиска поддршка, кои ги исполниле условите за финансиска поддршка за исплата на финансиски средства.

**Износот на финансиска поддршка во износ од 14.500,00 денари, се исплатува до 13-ти во месецот за претходниот месец**, на трансакциска сметка преку која физичкото лице кое врши самостојна дејност врши трансакции за дејноста, за исплата на финансиски средства за месеците **АПРИЛ И МАЈ 2020 година**, согласно со известувањето на Управата за јавни приходи.

**За исплата на финансиската поддршка**, физичко лице кое врши самостојна дејност и се оданочува по **ВИСТИНСКИ ДОХОД** - барател на финансиска поддршка **треба да ги исполни условите од членот 3 став 4 и членовите 4 и 5 од уредбата**, а физичко лица кое врши самостојна дејност и се оданочува според **утврден ГОДИШЕН ПАУШАЛЕН НЕТО ДОХОД** треба да го исполни условите од членовите 4 и 5 од Уредбата.

### *2.1. Враќање на добиените финансиски средства.*

Согласно Член 7 од Уредбата, Физичкото лице кое врши самостојна дејност и кое користело финансиска поддршка за исплата на финансиски средства согласно оваа уредба со законска сила, **должен е да ги врати добиените финансиски средства во целост, заедно со КАМАТА за јавни давачки**, доколку по извршена контрола од страна на Управата за јавни приходи и/или Државниот инспекторат за труд се утврди дека физичкото лице кое врши самостојна дејност, **НЕ ГИ ИСПОЛНИЛ УСЛОВИТЕ.**

Физичкото лице кое врши самостојна дејност и се оданочува по вистински доход - барател на финансиска поддршка **кое го искористило правото на финансиска поддршка, согласно уредбата со законска сила должен е примените финансиски средства** да ги врати во Буџетот на Република Северна Македонија, **но најмногу до износот од 50% од износот на искажаниот финансиски резултат за 2020 година, пред оданочување во Билансот на приходи и расходи (ОБРАЗЕЦ Б), ЗГОЛЕМЕН за непризнаените расходи за даночни цели од Годишниот даночен биланс** за утврдување на данокот на доход од вршење на самостојна дејност.

Враќањето на износот, **ќе се изврши на три месечни рати, без камата, во месеците АПРИЛ, МАЈ И ЈУНИ 2021 ГОДИНА.**

**БАРАЊЕ**
**за финансиска поддршка за исплата на финансиски средства на физички лица кои вршат самостојна дејност**

БФС-СВД

Единствен даночен број

Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт

Телефон

е-пошта

**А. СВОЈСТВО НА БАРАТЕЛОТ**

☐ Физичко лице кое врши самостојна дејност и се оданочува според вистински доход

☐ Физичко лице кое врши самостојна дејност и се оданочува според утврден годишен паушален нето доход

**Б. ШИФРА И ОПИС НА ДЕЈНОСТ ШТО ЈА ВРШИ БАРАТЕЛОТ** *(наведи ја шифрата на дејноста од според НКД рев.2)*

Шифра | Дејност

**В. ЗАПИШАН ВО СООДВЕТЕН РЕГИСТАР (ОСНОВАН) ВО ПЕРИОДОТ**

☐ а) заклучно со февруари 2019 година

☐ б) во период од месец март 2019 година заклучно со месец февруари 2020 година

**Г. МЕСЕЦ ЗА КОЈ СЕ БАРА СУБВЕНЦИЈА**

☐ Април 2020 ☐ Мај 2020

**Д. ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА**

**Изјавувам дека ги исполнувам условите за финансиска поддршка за исплата на финансиски средства**

☐ а) Приходите во месец март 2020 година се намалени повеќе од 30% во однос на месечниот просек на вкупните приходи остварени од самостојна дејност во 2019 година

☐ б) Приходите за месец април 2020 година или месец мај 2020 година се намалени за најмалку 30% во однос на месечниот просек на вкупните приходи остварени од самостојна дејност во 2019 година и месеците јануари и февруари 2020 година

☐ в) Просечните приходи за последниот сезонски период од 4 месеци споредено со просечните приходи за сезонскиот период од истите 4 месеци во претходната година се намалени за најмалку 30%

☐ г) Остварениот нето доход пред оданочување за 2019 година е помал од 478.800 денари

☐ д) Утврдениот годишен паушален нето доход за 2019 година е помал од 478.800 денари

☐ ѓ) За времетраење на финансиската поддршка согласно Уредбата и четири месеци после нејзиното престанување, нема да престанам со вршење на дејност

**Ѓ. ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА**

☐ **Изјавувам под целосна морална, материјална и кривична одговорност дека сите податоци дадени во ова Барање се проверени и целосно вистинити**

**ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив / Име и презиме | | | |
| ЕДБ / ЕМБГ | | Датум на поднесување | |
| Својство | | Потпис | |

**ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | | | |
| ЕМБГ | | Датум на поднесување | |
| Својство | | Потпис | |

1/2

# СУБВЕНЦИИ

*дипл. економист: Магдица Костадинова*

## ИЗДАВАЊЕ НА ВАУЧЕРИ ЗА ТУРИЗАМ НА ВРАБОТЕНИ ЛИЦА СО НИЗОК ДОХОД ЗАРАДИ ПОТТИКНУВАЊЕ НА ДОМАШЕН ТУРИЗАМ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

***Финансиската поддршка преку издавање на Ваучери за вработените лица со низок доход е регулирана согласно Уредбата со законска сила објавена во („Службен весник на РСМ" 141/2020).***

### *ВОВЕД*

Со Уредбата со законска сила за издавање на ваучери за туризам на вработени лица со низок доход, заради поттикнување на домашен туризам заз време на вонредната состојба *( во продолжение Уредбата),* се уредуваат условите, начинот и постапката за издавање и користење на ваучери за поттикнување на домашниот туризам во услови на намалена економска активност заради заради здравствено-економската криза предизвикана од Коронавирусот COVID-19, финансирани од Буџетот на Република Северна Македонија преку Програмата на Министерството за економија ***П1-Мерки*** за справување со COVID-19 кризата.

Погодените гранки од мерките за заштита на населението и мерките за запирање и контролирање на ширењето на заразата од COVID-19, се предмет на финансиска поддршка од страна на државата.

Туризмот кој покрај прекинот со работа сеуште се бори со прашањето за опстанок е секако меѓу еден од најзагрозените стопански гранки.

Откажаните аранжмани и ангажираните средства од страна на клиентите, како и туристичките капацитети, бара итни мерки за одржување и заживување на дејноста.

Една од мерките секако е и издавањето на ваучерите од страна на државата спрема лицата со низок доход.

***1. ПРЕДМЕТ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ВАУЧЕРИ***

Ваучер за туризам се издава на вработени лица со низок доход, заради плаќање на искористена туристичка и угостителска услуга на сместување или услуга на сместување и исхрана во категоризирани угостителски објекти за сместување, преку даватели на туристички услуги, регистрирани вршители на туристичка дејност.

Согласно член 2 од Уредбата, **„Вработени лица со низок доход”** се државјани на Република Северна Македонија кои се во работен однос и кои за период јануари-април 2020 година, оствариле доход само по основ на плата и надоместоци на плата во нето износ **не поголем од 60.000 денари** на ниво на полно работно време, согласно со евиденцијата на Управата за јавни приходи.

***1.1. Угостителски објекти за сместување и ваучери***

Вршители на туристичка дејност се резидентни трговски друштва, трговски поединци регистрирани во соодветен регистар за вршење на туристичка дејност и угостителска дејност за сместување и/или сместување и исхрана, и физички лица регистрирани во регистарот што го води градоначалникот на општината, а во Градот Скопје на подрачјето на таа општина во Градот Скопје, туристички агенции и туристички бироа.

Угостителски објекти за сместување претставуваат:

***1. Хотели, мотели, пансиони, резиденции, хотелски населби, апартмански населби и туристички населби и***

***2. Ноќивалишта, гостилници, кампови, приватни сместувачки капацитети ( соби, апартмани, станови, куќи), одморалишта (за деца, младинци, работници, лица со попреченост и слично), други комплементарни објекти (феријални домови, планинарски и ловни домови и куќи и објекти за привремено сместување).***

Ваучер за туризам е вредносен ваучер со номинална вредност од 6.000 денари издаден од Министерството за економија, кој се користи за добивање на туристички и угостителски услуги за сместување или сместување и исхрана во категоризирани угостителски објекти, преку даватели на туристичка услуга.

Ваучерот за туризам гласи на име и презиме на корисникот на ваучерот и содржи единствен QR код, пин код, ваучер код и рок на важење на ваучерот, како и други корисни информации за употреба.

Искористен ваучер за туризам претставува ваучер кој давателот на туристичките услуги го евидентирал како употребен преку интернет-платформата www.domasiedoma.gov.mk или www.pushimenevend.gov.mk.

### *2. ЛИСТА НА КОРИСНИЦИ НА ВАУЧЕРИ ЗА ТУРИЗАМ*

Согласно член 3 од Уредбата, листа на корисници на ваучери за туризам изготвува Управата за јавни приходи и ја доставува до Генералниот Секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во рок од едн ден од денот на влегување во сила на уредбата со законска сила.

Генералниот Секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Листата ја доставува до Министерството за економија, **во рок од еден ден** од денот на влегување во сила на Уредбата **од 30.05.2020 година,** со следните податоци:

- ***име и презиме,***
- ***ЕМБГ,***
- ***адреса на живеење и емаил адреса.***

Листата може да содржи и податоци за телефонски број за контакт, општина, регистарски број на лична карта, надлежен орган кој ја издал и датум на важење на личната карта.

Податоците од Листата на корисници на ваучери за туризам се доставува и презема во криптирана форма, согласно со прописите за заштита на личните податоци. Собирањето, обработката и чувањето на личните податоци содржани во Листата на корисници на ваучери за туризам за Уредбата со законска сила, се врши согласно со прописите за заштита на личните податоци.

### *3. КОРИСТЕЊЕ НА ВАУЧЕРОТ ЗА ТУРИЗАМ НА КОРИСНИЦИТЕ НА ВАУЧЕРИТЕ ЗА ТУРИЗАМ*

Согласно член 4 од Уредбата, Министерството за економија во рок од пет дена од денот на влегување во сила на Уредбата односно од 04.06.2020 година, ваучерот за туризам им го испраќа на лицата корисници на ваучери за туризам, преку емаил адреса.

Лице корисник, може да го превземе и испечати ваучерот за туризам и преку интернет платформата www.kupu-vamdomashno.gov.mk со внес на својот ЕМБГ.

Лицата корисници, ваучерот за туризам **ќе може да го искористи за добивање на туристичка и угостителска услуга** на сместување или услуга на сместување и исхрана во категоризирани угостителски објекти **од 15.07.2020 година до 15.12.2020 година,** кај давателите на туристички услуги, објавени на интернет платформата www.domasiedoma.gov.mk i www.pushimenevend.gov.mk.

Ваучерот за туризам се корисити за еднократен престој кај давател на туристички и угостителски услуги, без можност за прекинување и делење на престојот и користење на повеќе услуги со различна цена.

Ваучерот за туризам може да се искористи само од лицето корисник на ваучер за туризам на чие име и презиме гласи издадениот ваучер.

Доколку вредноста на туристичката или угостителската услуга која се плаќа со ваучерот за туризам е **помала од 6.000 денари** ќе се смета дека ваучерот е целосно искористен.

Ако вредноста на на туристичката или угостителската услуга која се плаќа со ваучерот за туризам е **поголема од 6.000 денари**, разликата над овој износ ја доплатува корисникот на ваучерот за туризам.

### *4. ИСПЛАТА НА СРЕДСТВАТА НА ДАВАТЕЛИТЕ НА ТУРИСТИЧКА УСЛУГА*

Согласно член 5 од Уредбата, Министерството за економија врши исплата на давателите на туристички услуги **врз основа на доставена месечна фактура и месечен извешај** за искористените ваучери за туризам евидентирани од давателите на туристички услуги.

Исплатата се врши **почнувајќи од 5-ти во тековниот месец за претходниот месец**, освен исплатата за искористените ваучери за туризам во период од 01.12.2020 до 15.12.2020 година која ќе се изврши најдоцна до 25.12.2020 година.

За искористените ваучери за туризам, на давателот на туристички услуги ќе му биде исплатена вредноста утврдена како производ на бројот на искористените ваучери за туризам и износот од 6.000 денари.

Давателот на туристички услуги има право на исплата само на ваучери за туризам кои биле евидентирани на интернет платформата www.domasiedoma.gov.mk.

### *5. ДАВАТЕЛИ НА ТУРИСТИЧКИ УСЛУГИ*

Согласно член 6 од Уредбата, давателите на туристички услуги до Министството за економија поднесуваат ***БАРАЊЕ*** за стекнување со статус на давател на туристички услуги за корисниците на ваучери за туризам, согласно со Уредбата со законска сила.

Давател на туристички и угостителски услуги, барањето може да го поднесе најдоцна до 30-ти јуни 2020 година, со следната содржина:

- ***Назив на давателот на туристички услуги,***
- ***Име и презиме на застапникот по закон, односно име и презиме на физичките лица регистрирани за сместување,***
- ***Адреса на давателот на туристички услуги,***
- ***Адреса на угостителските објекти за сместување,***
- ***Општина,***
- ***Телефонски број,***
- ***Емаил адреса,***
- ***Број на соби,***
- ***ЕДБ, ЕМБС,***
- ***Трансакциска сметка на давателот на туристички услуги на која ќе се исплаќа вредноста на искористените ваучери за туризам,***
- ***Прилог тековна состојба од Централниот регистар, решение за категоризација, односно решение за упис во соодветен регистар.***

Комплетноста на барањето за стекнување на статус на давател на туристички и угостителски услуги, го проверува и одобрувањето го издава Министерството за економија, во рок од пет дена од денот на прием на барањето.

Со поднесување на барањето, истовремено давателот на туристички услуги прифаќа формуларен (типски) договор поставен на интернет страната на Министерството за економија кој содржи изјава во е-форма, дека давателот на туристички и угостителски услуги е запознаен и ги прифаќа условите од објавениот договор.

Министерството за економија во рок од (15) петнаесет дена од денот на влегувањето во сила На Уредбата ( од 13.06.2020 година), активира интернет платформа за даватели на туристички услуги и категоризираните угостителски објекти за сместување и /или сместување и исхрана, преку која ќе го поднесат барањето за давање на туристички и угостителски услуги на корисниците на ваучери за туризам.

По одобрување на **БАРАЊЕТО**, давателите на туристички услуги ќе бидат објавени на интернет платформата www.domasiedoma.gov.mk и ќе бидат известени за одобрувањето на барањето и објавата на интернет платформата со прилог на единствен ПИН код, сметка со корисничко име и лозинка за влез на платформата.

Преку интернет платформата www.domasiedoma.gov.mk давателот на туристички услуги го евидентира ваучерот за туризам како искористен со внесување на ознаките на ваучерот и валидирање со ПИН кодот или со скенирање на QR кодот на ваучерот со користење на мобилна апликација.

### *6.ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ ЗА НЕПОЧИТУВАЊЕ НА УРЕДБАТА*

Согласно член 7 од Уредбата, глоба во износ од **100 до 500 евра** во денарска проиввредност ќе му се изрече за сторен прекршок на правно лице **(микро трговец),** од **300 до 1.000 евра** во денарска противвредност на правно лице **( мал трговец),** од **1.000 до 3.000 евра** во денарска противвредност на правно лице (**среден трговец**) и од **1.000 до 3.000 евра** во денарска противвредност на правно лице **( голем трговец**) ако постапува спротивно на одредбите од Уредбата односно ***( Ваучерот за туризам се користи за еднократен престој кај давател на туристичка и угостителски услуги, без можност за пре-***

***кинување и делење на престојот и користење на повеќе услуги со различна цена) ( Ваучерот за туризам може да се искористи само од лицето корисник на ваучер за туризам на чие име и презиме гласи издадениот ваучер), и ако поднесе неточен или лажен Месечен извештај.***

Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за сторен прекршок на трговец поединец, физичко лице кое врши стопанска дејност и физичко лице регистрирани во регистарот за сместување ако постапува спротивно на одредбите од член 4 став(3) и (4) од Уредбата односно ***(Ваучерот за туризам се користи за еднократен престој кај давател на туристички и угостителски услуги, без можност за прекинување и делење на престојот и користење на повеќе услови со различна цена и Ваучер за туризам може да се искористи само од лицето корисник на ваучер за туризам на чие име и презиме гласи издадениот ваучер), и ако поднесе неточен или лажен Месечен извештај***.

Глоба во износ од 50 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорно лице во правно лице (**микро трговец),** од 100 до 500 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице **(мал трговец)**, од 150 до 500 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице **(среден трговец)** и од 200 до 500 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице **(голем трговец)** за сторениот прекршок од ставот (1) на овој член.

Одмерување на висината на глобата за правно лице, трговец поединец, физичко лице кое врши стопанска дејност, физичко лице регистрирани во регистарот за сместување и одговорно лице во правно лице се врши согласно Законот за прекршоците.

Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите на оваа уредба со законска сила врши Државниот пазарен инспекторат согласно надлежностите утврдени со закон.

Министерството за економија, заклучно со 31.03.2021 година во Владата на Република Северна Македонија ќе достави извештај со финансиски показатели за реализација на оваа уредба со законска сила.

Злоупотребата и фалсификувањето на ваучерот за туризам, подлежи на казна согласно со Кривичниот законик.

# ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА

*дипл. правник Христина Игнатоска*

## *ИЗМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ ВО ВОНРЕДНА СОСТОЈБА*

***Поради појавата на Коронавирусот COVID-19 и глобалното ширење, која е во експанзија и во Македонија, како и со воведување на вонредната состојба во, Владата донесе поголем број одлуки, кои би помогнале во полесно справување на компаниите во оваа економска криза, како и одлуки да се зачуваат работните места на работниците.***

### *ВОВЕД*

Владата на Македонија, направи неколку измени во однос на правата на работниците во време на вонредната состојба која се уште трае во земјата.

Донесени се Уредби со кои се прави промена и дополнување на законската сила на Законот за работните односи во вонредна состојба.

Промените, кои се донесени со Уредбите, ги опфаќаат законските одмори кои според ЗРО, работникот може да го искористи, како и за правата за отсуство од работа на работничка поради бременост, раѓање и родителство и посво-јување, како и правата на компаниите и работниците кои за време на вонредната состојба, биле одјавени од своите работни места.

## *1. ГОДИШНИ ОДМОРИ – ИЗМЕНА ВО ВОНРЕДНА СОСТОЈБА*

Според ЗРО („Службен весник на РСМ" 62/05...110/2019), во делот 10, кој се однесува на правата на работниците и обврските на работодавецот во однос на паузите и одморите, во членот 137 е пропишано дека секој работник има право на платен годишен одмор од најмалку 20 дена.

Годишниот одмор може со колективен договор или договор за вработување да се продолжи до 26 дена. Секој повозрасен работник, инвалид, работник со најмалку 60% телесно оштетување и работник кој негува и чува дете со телесен или душевен недостаток има право на уште три работни дена годишен одмор.

За искористенот одмор, работодавачот е должен да му издаде решение за правото на користење на годишниот одмор.

Членот 139 од ЗРО, пропишува дека работникот кој за прв пат заснова работен однос се стекнува со право на цел годишен одмор, кога ќе оствари ***непрекината работа од најмалку шест месеца кај ист работодавач***, без оглед на тоа дали работникот работи на полно работно време или пократко работно време.

Пропорционален дел од годишниот одмор во вкупен износ од два дена за секој месец работа, има право работникот кој во календарската година во која склучил работен однос не се стекнал со право на целосен годишен одмор, односно не остварил непрекината работа од најмалку шест месеци кај ист работодавач, и работник чиј работен однос му престанал пред изминување на рокот, по истекувањето на кој би добил право на целосен годишен одмор.

Во членот 141 од ЗРО, законски е определено дека годишниот одмор по правило се користи во текот на календарската година. Исто така, годишниот одмор може да се користи во повеќе делови во договор со работодавачот, со тоа што едниот дел од годишниот одмор мора да трае најмалку две непрекинати работни недели. Работодавачот е должен на работникот да му обезбеди искористување на две непрекинати работни недели годишен одмор до крајот на тековната календарска година, а остатокот до ***30 јуни идната година.***

Годишниот одмор којшто не бил искористен во тековната календарска година заради отсуство поради боледување или повреда, породилен одмор или одмор за нега и чување на дете, работникот има право да го искористи до 30 јуни идната календарска година.

Според Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството („Службен весник на РСМ” 150/2012...150/2016), во делот 8 е определено правата на работниците и обврските на работодавачот, во однос на паузите и одморите, определувањето на траењето на годишниот одмор, платениот одмор итн.

Во членот 42 од Колективниот договор, е определен платениот одмор и случаи поради кои работникот има ***7 работни дена право на платен одмор заради лични и семејни околности***, како што се: *склучување брак, склучување брак на дете, раѓање или посвојување на дете, смрт на сопружник, дете, родител, брат, сестра, полагање на стручен испит или пак кога станува збор за елементарни непогоди.*

Во истиот член е пропишано дека во случај на прогласување на вонредна состојба или кризна состојба поради елементарни и друг вид на непогоди прогласени со Одлука на Владата на РСМ или друг надлежен Орган или Институција. Во овие случаи, работодавачот може на работникот кој работи во правните субјекти, односно живее во подрачјата погодени од временските или елементарни непогоди, да одобри и поголем број на слободни денови за периодот кој е опфатен согласно Одлуката за прогласување на вонредна или кризна состојба, донесена од страна на Владата на РСМ или друг надлежен Орган или Институција.

### *1.1. COVID-19 и годишни одмори*

Со појавата на пандемијата на Коронавирусот COVID-19, Владата на РСМ донесе Уредба со законска сила за примена на Законот за работните односи за време на вонредна состојба. Уредбата влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Македонија” во бројот 90 од 04.04.2020 година, со цел да се уреди користењето на не-искористениот годишен одмор од 2019 година, како и го уре-дува и користењето на првиот дел од одморот за 2020 година.

Во членот 3 од Уредбата е пропишано дека:

- Работниците вработени во приватниот сектор опфатени од временските мерки за заштита од ширење и превенција од Коронавирусот COVID-19, неискористениот дел од годишниот одмор, односно неискористениот годишен одмор од 2019 година, да се искористи ***до 31 мај 2020 година***, согласно потребите на работниот процес и одобрение од работодавачот.
- Работниците вработени во приватниот сектор опфатени од временските мерки за заштита од ширење и превенција од Коронавирусот Covid-19, делот од годишниот одмор за 2020 година кој мора да се искористи во траење од две непрекинати работни недели, да го искористат ***до 30 јуни 2020 година***, согласно потребите на работниот процес и одобрение од работодавачот.
-

## *2. ПРАВАТА ЗА ОТУСТВО ОД РАБОТА НА РАБОТНИЧКА ПОРАДИ БРЕМЕНОСТ, РАЃАЊЕ И РОДИТЕЛСТВО И ПОСВОЈУВАЊЕ – ИЗМЕНА ВО ВОНРЕДНА СОСТОЈБА*

Владата на РСМ, на одржаната 16 седница од 11 март 2020 година, донесе Одлука со која вработените лица кои имаат малолетно дете со навршена возраст до 10 години или активно четврто одделение за кое е неопходна домашна грижа, еден родител да биде ослободен од работа и работни активности и неговото отсутво за време на вонредната состојба да биде евидентирано како оправдано од работодавачот.

Истата Одлука се однесува и на бремените рабо-тнички, кои потребно е да приложат кај работодавачот потврда од матичен гинеколог за да бидат ослободени од ра-бота и работни активности.

Вработените лица кои користат оправдано отсутво поради дете во градинка, потребно е да доставaт потврда за основот за користење на оправданото отсуство. Поточно пот-врда издадена од детска градинка дека детето е запишано и редовно посетува градинка или уплатница за платен надо-мест за престој во градика и лична писмена изјава.

Вработените лица кои користат оправдано отсуство поради дете до 10 годишна возраст или активно четврто одделение во училиште потребно е да доставaт до работодавачот копија од патна исправа за возраста на детето или копија од извод од матична книга на родените, потврда за редовен ученик или копија од сведителство и лична писмена изјава.

Со Уредбата со законска сила за примена на Законот за работните односи за време на вонредна состојба „Службен весник на РСМ” во бројот 90 од 04.04.2020 година, во членот 4, Владата на РСМ, уреди дека *отуството од работа на работничка поради бременост, раѓање и родителство и посвојување, да* ***продолжи да тече***, **како и надоместокот на плата продолжува да се исплаќа се до истекот на тра-ењето на временските мерки за заштита од ширење и превенција од Коронавирусот COVID - 19.** Со тоа, работничките кои користат оправдано платено отсутво од работа во траење од девет месеци непрекинато, а доколку роди повеќе деца одеднаш ( близнаци, тројка и повеќе) 15 месеци, оправданото платено отсуство ќе им биде продолжено се додека трае вонредната состојба во Македонија.

### *3. СПОГОДБА ЗА ВРАЌАЊЕ НА РАБОТА – ИЗМЕНА ВО ВОНРЕДНА СОСТОЈБА*

Поради настаната пандемија во светот, така и во Македонија, како поради мерките за заштита од ширење на епидемија кои се донесение од Владата на РСМ, многу од правните субјекти кои се погодени поради прекинот на работата трпат големи финансиски загуби и многу од нив поставуваат прашања за обврската за надоместок на плата на работниците кои нема да работат во периодот поради овие причини. Голем дел од правните субјекти беа принудени да го прекинат работниот однос на работниците во овој период, бидејќи не можат да ги исполнуваат обврските кон своите работници.

Затоа, Владата на РСМ, донесе измена и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот на работните односи, во која е уредено дека секој до работодавачите кој одјавил работник од задолжителното социјално осигурување во период од 11 март 2020 година до 30 април 2020 година, може да склучи ***спогодба за враќање на работа.***

Со спогодбата, работодавачот се обврзува да ги подмири сите обврски кои произлегуваат од работниот однос од денот на одјавата на работникот од задолжителното социјално осигурување до денот на склучувањето на спогодбата. Пријавувањето во системот за задолжително социјално осигурување на работникот вратен на работа со спогодба за враќање, во Агенцијата за вработување на Маке-донија се врши ***најдоцна до 7 мај 2020 година.***

Доколку работникот не ја потпише спогодбата за враќање на работа, работодавачот може на негово место да пријави ново лице од евиденцијата на невработени лица во Агенцијата за вработување на Македонија и со истото да склучи договор за вработување и да го пријави во системот за задолжително социјално осигурување во Агенцијата за вработување на РС Македонија најдоцна до 7 мај 2020 година.

Уредбата за измена и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за работните односи е објавена во “Службен весник на РСМ” 113/2020 и стапува во сила од 01 мај 2020 година.

***Пример: Спогодба за враќање во работен однос на работникот:***

Врз основа на член 1 од Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законса сила за примена на Законот за работните односи за време на вонредна состојба (“Службен весник на РМ бр. 113/2020)

1. ______________________ ДОО Скопје застапувано од управителот __________________ како работодавач и

2. __________________ од Скопје со ЕМБГ: ___________________, како работник ја склучија следната спогодба:

***С П О Г О Д Б А***
***за враќање во работен однос на работникот***

**Член 1**

Работодавачот и работникот кој е распореден на работно место ___________ постигнаа меѓусебна спогодба за враќање на работникот во работен однос.

**Член 2**

Престанокот на работниот однос на именуваниот стапил во сила на ___.___.2020 година.

Враќањето на работникот _________________ , стапува во сила од ___.___.2020 година.

**Член 3**

Со стапувањето во сила на Спогодбата, работодавачот се обврзува да ги подмири сите обврски кои произлегуваат од работниот однос од денот на одјавата на работникот до денот на склучување на оваа Спогодба.

**Член 4**

Спогодбата е составена во 3 (три) еднообразни примероци од кои еден за службена употреба, еден за работникот и еден за работодавачот.

| **Работодавач** | **Работник** |
| --- | --- |
| _____________________ | _____________________ |
| (Име и презиме) | (Име и презиме) |
| __________________ | __________________ |
| (своерачен потпис) | (своерачен потпис) |
| _____________ | ______________ |
| (датум) | (датум |

# ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ

*дипл. економист: Јулија Минковска*

## П Л А Т И
## ЗА МЕСЕЦ МАЈ 2020 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| *Просечна месечна бруто плата исплатена во Републиката за 2019 година (за даноци и придонеси)* | *38.319,00* |
| *Најниска основица за ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ 50% од просечна месечна бруто плата исплатена во Републиката за цела 2019 година за образец МП - ИН* | *19.160,00* |
| *Највисока основица за пресметка на придонеси од работен однос (16 x 38.319)* | *613.104,00* |
| *Даночно ослободување за 2020 година* | *8.228,00* |
| *Дневница за службени патувања од 21.05.2020* | *2.164,00* |
| *Просечна исплатена месечна НЕТО плата по вработен за 2019 година* | *25.213,00* |
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2019 година* | *37.446,00* |

### 1. НАЈНИСКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ПРИДОНЕСИ

Согласно член 15 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на РМ" 142/08...171/17; 35/18; 247/18), Основица за пресметување и плаќање на придонесите од плата, односно основица за осигурување, не може да биде пониска од 50% од просечна плата по работник во Република Македонија, објавена во Јануари во тековната година, според податоците на ДЗС, која за 2020 година, изнесува::

**19.160,00 денари (38.319,00 x 50%)**

За самовработено лице кое врши професионална и друга интелектуална услуга, Основица за пресметување и плаќање на придонесите, односно основица за осигурување за тековната година неможе да биде пониска од просечна плата по работник во РМ објавена во Јануари во тековната година, според податоците на ДЗС која за 2020 година изнесува:

**8.319,00 денари**

## *2. НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА ЗА ПРИДОНЕСИ*

Согласно член 16 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, ***НАЈВИСОКА месечна основица*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата од работен однос е износот ***од (16) единаесет просечни плати*** кој износ за 2020 година, изнесува:

**613.104,00 денари (16 x 38.319,00 денари).**

***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата на извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво, е износот од ***(16) {единаесет просечни плати*** кој за 2019 година, изнесува.

**613.104,00 денари (16 x 38.319,00 денари).**

Највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од ***(12) дванаесет просечни плати.***

**459.828,00 денари (12 x 38.319,00 денари).**

***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонеси за тековната година за лице корисник на паричен надоместок за време на привремена невработеност ***изнесува 80% од просечната плата*** по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика.

**30.655,00 денари (38.319,00 денари x 80%).**

При пресметка на највисоката месечна основица за тековната година се зема предвид просечната плата по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика, која ***за 2020 година изнесува: 38.319,00 денари.***

**НАПОМЕНА: На износот повисок од највисоката месечна основица, не се пресметуваат и уплатуваат придонеси.**

## 3. ПРЕГЛЕД НА НАЈНИЗОК И НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПРИДОНЕСИ

| ПРИДОНЕСИ | Стапка | Најнизок износ | Највисок износ |
|---|---|---|---|
| Придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за ***месец АПРИЛ 2020 година***, по вработен изнесува: | 18,8% | ***3.602,00*** | ***115.264,00*** |
| Придонесот за здравствено осигурување за ***месец АПРИЛ 2020*** година, по вработен изнесува: | 7,5% | ***1.437,00*** | ***45.983,00*** |
| Придонесот за вработување за **месец АПРИЛ 2020 година**, по вработен изнесува: | 1,2% | ***230,00*** | ***7.357,00*** |
| Придонесот за професионално заболување за ***месец АПРИЛ 2020*** година, по вработен изнесува: | 0,5% | ***96,00*** | ***3.066,00*** |
| ***ВКУПНО ПРИДОНЕСИ:*** | **28%** | ***5.365,00*** | ***171.670,00*** |

### *4. МИНИМАЛНА ПЛАТА*

Согласно Законот за минималната плата во РМ ("Службен весник на РМ" 11/12; 30/14; 100/14; 180/14; 81/15; 129/15; 132/17; 140/18; 124/16; 02/19; 239/19), висината на минималната плата во Република Македонија ***за месец АПРИЛ, МАЈ И ЈУНИ (за време на вонредна сосотојба )*** ќе изнесува:

**- <u>14.500,00</u> денари НЕТО износ;**

**- <u>21.107,00</u> денари БРУТО износ.**

## *5. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД*

### *5.1. Стапки за пресметување на данок на личен доход (од 01.01.2020 до 31.12.2022 година)*

Согласно член 12 од Законот за данок на личен доход ("Службен весник на РМ" 241/2018; 275/19), данокот на личен доход за данок од работа се плаќа со примена на две даночни стапки согласно даночната основа и тоа:

- ❑ **Пропишана стапка во износ од 10% или**
- ❑ **Пресметана стапка од 11,1111%.**

### *5.2. Даночно намалување*

Согласно член 10 став 1 точка 2 од Законот за данок на личен доход, ***Даночното намалување за 2020 година***, на месечно и годишно ниво, изнесуваат:

| Период | 2020 година |
|---|---|
| **Месечно** | **8.228,00** |
| **Годишно** | **98.736,00 (8.228 x 12)** |

## *6. ПРАВО НА ПОРАСТ НА ПЛАТИТЕ*

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ" 70/94; 62/95; 33/97; 50/01; 26/02; 46/02; 37/05; 121/007; 161/08; 92/09; 97/10; 11/12; 26/13; 170/13; 139/14; 147/15), Министерството за труд и социјална политика, објавува:

1.Трошоците за живот за ***месец АПРИЛ 2020*** год. во однос на ***месец МАРТ 2020*** година ***се повисоки за 0,1%).***

2. Право на пораст на платите за ***месец АПРИЛ 2020*** во однос на ***месец МАРТ 2020*** година, ***изнесува 0,05%.***

## 7. РАБОТНИ ЧАСОВИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА РАБОТНИОТ СТАЖ

Работните часови за ***месец (МАЈ) 2020 година***, изнесуваат: **168 часа.**

## *8. НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА*

### *8.1. Надоместоци од плата за општествени и мешовити правни лица со повеќе од 49% општествен капитал*

Просечна исплатена ***месечна нето плата*** по вработен ***за месец (III) МАЈ 2020 година*** изнесува

***26.422,00 денари***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр. **4.1.20.47 од 21.05.2020).***

Согласно член 9 од Законот за исплата на платите во РМ, работодавецот може да врши исплата на следните надоместоци, согласно основицата од **26.422,00 денари**:

**За општествени правни лица**

| |
|---|
| 1. **Регрес за годишен одмор (60% од основицата за општествени субјекти):**<br>***15.853,00 денари (26.422,00 х 60%)***<br>***Се пресметува и плаќа данок на личен доход по стапка од 11,11%*** |
| 2. **Отпремнината при заминување на работник во пензија (двократен износ од основицата):**<br>***52.844,00 денари (2 х 26.422,00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 52.844,00 денари*** |
| 3. **Одвоен живот од семејството:** (60% основицата):<br>***15.853,00 денари (26.422,00 х 60%)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 15.853,00 денари*** |

Просечна исплатена ***месечна БРУТО плата*** по вработен за ***месец (III) МАЈ 2020 година***, изнесува:

***39.437,00 денари***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.20.46 од 21.05.2020).***

### *8.2. Надоместоци од плата за приватен сектор*

Просечна исплатена месечна НЕТО ПЛАТА по вработен во претходните три месеци ***(I II III/2020 godina) МАЈ 2020 година*** изнесува***:***

***27.055,00 денари***

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.20.46 од 21.05.2020).***

Износот ***27.055,00 денари*** претставува основица за пресметување на следните надоместоци:

***РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР***

**1. Регрес за годишен одмор** (Согласно член 35 став 7 од ОКДПС, Регресот за годишен одмор се исплатува во висина од најмалку 40% од основицата, под услов работникот да работел најмалку 6 месеци во календарската година кај ист работодавач):

- ***Најнизок износ за исплата на Регрес за годишен одмор за месец МАЈ/2020 година изнесува:***

***10.822,00 денари во нето износ (27.055,00 x 40%)***

- ***Највисок износ за исплата на Регрес за годишен одмор за месец МАЈ/2020 година изнесува:***

***27,055,00 денари***

**Даночно признат расход во Даночен биланс** (40% од просечна месечна бруто плата по работник во РМ објавена до денот на исплатата).

*16.23,00 денари*-**БРУТО износ** *(39.437 x 40%)*

***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход по стапка од 11,11%***

2. **Отпремнината при заминување на работник во пензија (двократен износ од основицата** ***2 x 27.055*****):**

*54.110,00 денари*

**Ослободен износ од Данок на личен доход до 54.110,00 ден.**

3. **Јубилејна награда – за најмалку 10 години поминати кај ист работодавец (во висина на основицата)**

*27.055,00 денари*

**Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%**

4. **Надоместок за одвоен живот од семејството (60% од основицата**

*16.233,00 денари* **(60% од** ***27.055,00)***

**Ослободен износ од Данок на личен доход до 16.233,00 ден.**

5. **Дневници за службени патувања во земјата (8% од основицата)**

*2.164,00 денари* **(8% од** ***27.055,00)***

**Ослободен износ од Данок на личен доход до 2.164,00 ден**

6. **Дневници за службени патувања во странство**

**50% од утврдената дневница, ако се поднесе сметка за сместување,** како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на Управата;
**20% од утврдената дневница,** ако издатоците за сместу-вањето и исхраната не паѓаат на товар на органот на управата; и
**5% од утврдената дневница,** ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена.

Под стручно усовршување се подразбира посета на семинари, курсеви, симпозиуми и други видови средби организирани во странство на мултилатерална и билатерална основа.

7. **Помош во случај на смрт на работник** во висина од три основици

***81.165,00 денари** (3 x 27.055,00)*

**Ослободен износ од Данок на личен доход до 81.165,00 ден.**

8. **Помош во случај на смрт на член на семејство** (во висина од две основици

***54.110,00 денари** (2 x 27.055)*

**Ослободен износ од Данок на личен доход до 54.110,00**

9. **Помош во случај на елементарни непогоди** (во висина на основицата)

***27.055,00 денари***

**Ослободен износ од Данок на личен доход до 27.055,00**

11. **Надомест за користење на сопствено возило за службени цели** во висина до 30% од цената на литар гориво за соодветно возило по поминат километар.

**Ослободено од данок на личен доход во висина, најмногу до 3.500,00 денари по возило, месечно.**

12. **Надомест при селидба на вработен за потребите за работодавачот** (во висина на стварни трошоци)

**Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%**

13. **Трошок за организирана исхрана за 2020** (во висина од **20%** од просечна нето плата, исплатена во претходната 2019 година):

***25.213,00 x 20% = 5.043,00 денари***

**Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход над 5.043,00**

Просечна исплатена месечна БРУТО ПЛАТА по вработен во претходните три месеци ***(I II III/2020 година) МАЈ/2020 година износува:***

***40.369,00 денари***

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.20.46 од 21.05.2020).***

### *8.3. Најниска основица за придонеси за самовработени лица во 2020 година*

| |
|---|
| 1. **Самовработени лица – вршител на самостојна економска дејност (**таксисти, занаетчии) ***19.160,00 денари*** |
| 2. **Самовработени лица – вршител на професионална и друга интелектуална дејност (**адвокати, нотари, извршители**)** ***38.319,00 денари*** |
| 3. **Самовработени лица – вршител на професионална и друга интелектуална дејност** (адвокати, нотари, извршители) **до истекот на првата година на отпочнување на дејност:** ***19.160,00 денари*** |

### *8.4. Највисока основица за придонеси за самовработени лица во 2020 година*

| |
|---|
| 1. ***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од ***(12) дванаесет просечни плати.*** ***459.828,00 денари (12 х 38.319,00 денари).*** |

### *8.5. Највисок износ на надомест за боледување што го исплаќа Фондот за здравствено осигурување*

1. Согласно член 17 од Законот за здравствено осигурување ("Службен весник на РМ" 25/00...142/16; 171/17; 275/19), највисокиот износ на надоместокот за боледување што се исплаќа на товар на ФЗО во 2019 година, изнесува ***ЧЕТИРИ*** **просечни месечни нето плати исплатени во РМ во претходната 2019 година.**

***100.852,00 денари (4 x 25.213,00 денари).***

### *8.6. Највисок износ на пензија за 2020 година*

1. Највисокиот износ на пензија според статистичките податоци на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за 2020 година изнесува:

***49.811,00 денари***

### *8.7. Рефундирање на средствата за уплатени придонеси за инвалидни лица*

Согласно Упатството за начинот на пресметка и исплата на плати и поврат на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработени во заштитни друштва, инвалидни лица кога самостојно вршат дејност нкако трговци-поединци и други работодавачи кои имаат вработено инвалидно лице, МТСП врши рефундирање на уплатените средства до висина не поголема од ***2 (две) просечни нето плати исплатени во РМ во претходниот месец***, кој за ***месец МАЈ/2020 година*** изнесува:

***54.412 денари (2 x 27.206,00 денари).***

### *8.8. Месечен надоместок на членови на Органи на управување*

Согласно член 9 став 1 точка 4 од Законот за данок на добивка ("Службен весник на РМ" 112/14...232/19; 275/19), **МЕСЕЧНИОТ** надоместок на членовите на органи на управување се исплатува во ***висина од 50%*** од Просечната Бруто плата исплатена во претходната година во РМ во висина од:

| |
|---|
| *18.723,00 денари (50% од 37.446,00 денари)* |
| **Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%** |

### *8.9. Трошоци по основ на уплатени доброволни придонеси во доброволен пензиски фонд*

| |
|---|
| Трошоците по основ на уплатени доброволни придонеси во доброволен пензиски фонд се утврдуваат во висина од износот од **2 просечни месечни бруто плати** исплатени во прет-ходната година на годишно ниво по вработен кои изнесуваат: |
| *74.892,00 денари (2 x 37.446,00 денари)* |

### *8.10. Надоместт од плата за ЈАВЕН сектор*

Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2020 година (“Службен весник на РМ” 265/19), на буџетските корисници им се исплатуваат следните надоместоци:

| |
|---|
| 1. **Надоместок за одвоен живот од семејството (30%** од просечна месечна нето плата исплатена во РМ во претходни три месеци**)**<br>*8.117,00 денари (27.055 x 30%)*<br>**Ослободен од Данок на личен доход до 8.117,00 денари** |
| 2. **Помош во случај на смрт на работник**<br>*30.000,00 денари*<br>**Ослободен од Данок на личен доход до 30.000,00 денари** |
| 3. **Помош во случај на смрт на член на семејство**<br>*15.000,00 денари*<br>**Ослободен од Данок на личен доход до 15.000,00 денари** |
| 4. **Јубилејна награда – за најмалку 10 години работа (Согласно Законот за извршување на буџетот на РМ за 2020 година не се исплаќа)** |

| |
|---|
| 5. **Дневници за службени патувања во земјата (Согласно Законот за извршување на буџетот на РМ за 2020 година не се исплаќа)** |
| 6. **Дневници за службени патувања во странство:**<br>➢ **50% од утврдената дневница, ако се поднесе сметка за сместување,** како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на Управата;<br>➢ **20% од утврдената дневница,** ако издатоците за сместувањето и исхраната не паѓаат на товар на органот на управата; и<br>➢ **5% од утврдената дневница,** ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена. Под стручно усовршување се подразбира посета на семинари, курсеви, симпозиуми и други видови средби организиарани во странство на мултилатерална и билатерална основа. |

| |
|---|
| 7. **Отпремнината при заминување на работник во пензија (двократен износ од просечна месечна нето плата по работник во републиката, објавена до денот на исплатата):**<br>***52.844,00 денари (2 x 26.422,00)***<br>**Ослободен од Данок на личен доход до 52.844,00 денареи** |
| 8. **Регрес за годишен одмор**<br>**(Согласно Законот за извршување на буџетот на РМ за 2020 година, не е пропишан).** |
| 9. **Новогодишен надоместок**<br>(Согласно Законот за извршување на буџетот на РМ за 2020 година, не е пропишан). |
| 10. **Надомест за боледување подолго од 6 месеци**<br>(еднократна парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата во органот каде што е вработен).<br>**Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%** |

| |
|---|
| 11. **Надомест на трошоци за селидба за потребите на работодавачот** (во висина на стварни направени трошоци).<br><br>**Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%** |
| 12. **Надомест на трошоци за храна и превоз за лица волонтери за МАЈ/*2020*** (во висина од 15% од просечна месечна бруто плата, исплатена во 2019 година):<br><br>***(37.446,00 x 15%) = 5.617,00 денари***<br><br>***Ослободен од Данок на личен доход до 5.617,00 денари*** |
| 13. **Вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2020 година.**<br>Согласно Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници ("Службен весник на РМ" 276/2019), вредноста на бодот за **2020 година изнесува**:<br><br>***81,60 денари*** |

### *8.11. Надоместоци на плата за време на боледување за приватен сектор*

Согласно член 31 од Општиот колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ" 150/12; 189/13; 115/14 пт; 119/15; 150/16), работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** *– која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:*

| Времетраење на боледување | Право на надомест |
|---|---|
| **До 15 дена** | **70% од основицата** |
| **Над 15 дена почнувајќи од првиот ден на боледувањето за сите денови** | **90% од основицата** |

| | |
|---|---|
| **Над 30 дена кога боледувањето го плаќа работодавачот** | **90% од основицата** |

***ОСНОВИЦА*** претставува просечен месечен износ на исплатена плата ***на која е платен придонес за здравствено осигурување за последните 12 месеци.***

### *8.12. Надоместоци на плата за време на боледување за јавен сектор*

Согласно член 20 од Општиот колективен договор за јавен сектор на Република Македонија („Службен весник на РМ” 10/108; 88/08;122/08; 85/09), работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** *– која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:*

| **Времетраење на боледување** | **Право на надомест** |
|---|---|
| **До 7 дена**<br>**До 15 дена**<br>**Од 15 до 21 ден** | **70% од основицата**<br>**80% од основицата**<br>**90% од основицата** |
| **за професионално заболување и повреда на работа, дава-ње крв и бременост и раѓање** | **100% од основицата** |

***Основица*** претставува просечна ***исплатена нето плата на работникот во последните 3 месеци.***

### *8.13. Испратнина при технолошки вишок*

1. Согласно член 97 од Законот за работни односи (“Службен весник на РМ” 62/05...27/16; 120/18; 110/19) во случај на откажување на договорот за вработување од деловни причини (*технолошки вишок)* работодавачот е должен на работникот да му исплати ***испратнина*** *во следните случаи:*

| **Години поминати во работен однос** | **Висина на плата** |
|---|---|
| **До 5 години** | **Една плата** |
| **Од 5 до 10 години** | **Две и пол плати** |
| **Од 10 до 15 години** | **Три и пол плати** |
| **Од 15 до 20 години** | **Четири и пол плати** |
| **Од 20 до 25 години** | **Шест плати** |
| **Над 25 години** | **Седум плати** |

**Просечната нето плата на работникот во последните шест месеци пред отказот и истата да не биде помала од 50% од просечната нето плата исплатена по работник во РМ, во последниот месец пред отказот.**

**НАПОМЕНА 2**: ***Рабошен однос, се смеша*** времето поминато во работен однос кај ист работодавач и работниот однос кај претходниот работодавач на кој поради настанатата статусна промена, правен следбеник е последниот работодавач.

**НАПОМЕНА 3**: Испратнината се исплатува со денот на престанокот на работниот однос.

**НАПОМЕНА 4**: Не се пресметува и плаќа Данок на личен доход.

### *8.14. Додашоци на йлаша*

Согласно член 24 од Општиот Колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ" 150/12; 189/13; 119/15; 150/16), ***основната плата на работникот се зголемува по час најмалку за:***

- ***Прекувремена работа........................................ 35%***
- ***Работа ноќе........................................................ 35%***
- ***Работа во три смени ........................................... 5%***
- ***Работа во ден на неделен одмор.........................50%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа **зголемена за 50%.** Додатоците меѓусебно не се исклучуваат.

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во три смени, работникот го остварува само за ефективно поминато работно време во смени.

***НАПОМЕНА:*** **Основната плата на работникот се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж.**

Согласно член 17 од Општиот Колективен договор за **јавен сектор** на РМ („Службен весник на РМ" 10/08; 88/08; 122/08; 85/09), **основната плата на работникот се зголемува по час најмалку за:**

- ***Прекувремена работа..........................................29%***
- ***Работа ноќе..............................................................29%***
- ***Работа во три смени ..............................................4%***
- ***Работа во ден на неделен одмор.........................29%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа ***зголемена за 42%.***

***Додатоците меѓусебно не се исклучуваат.***

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во три смени, работникот го остварува само за ефективно поминато работно време во смени.

***НАПОМЕНА:*** **Основната плата на работникот се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж, а најмногу до 20%.**

## *9. ПРИМЕРИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ЛИЧЕН ДОХОД ОД РАБОТА ЗА 2020 ГОДИНА*

### *9.1. Пресметка на МИНИМАЛНА ПЛАТА во висина од 14.500,00 ВО НЕТО ИЗНОС*

| | |
|---|---|
| **1. НЕТО ПЛАТА** | **14.500,00** |
| 2. Даночно намалување за 2020 година | 8.228,00 |
| 3. Основица за данок на доход (1 - 2) | 6.272,00 |
| **4. Данок на доход со (4 x 11,1111%)** | **697,00** |
| **5. Бруто плата 1 (1 + 4)** | **15.197,00** |
| **6. БРУТО ПЛАТА II (15.197 x 1,3889)** | **21.107,00** |
| 7. Придонес за задолжително ПИО (6 x 18,8%) | 3.968,00 |
| 8. Придонес за здравствено осигурување (6 x 7,5%) | 1.583,00 |
| 9. Придонес за вработување (6 x 1,2%) | 253,00 |
| 10.Придонес за дополнително (6 x 0,5%) | 106,00 |
| 11. **Вкупно придонеси (7 +8 + 9 +10)** | **5.910,00** |
| 12. Бруто плата намалена за придонеси (6 - 11) | 15.197,00 |
| 13. Даночно намалување за 2020 година | 8228,00 |
| 14. Основица за данок на доход (12 - 13) | 6.969,00 |
| **15. Данок на доход (14 x 10%)** | **697,00** |
| **16. НЕТО ПЛАТА (6 - 11- 15)** | **14.500,00** |

### *9.2. Пресметка на МИНИМАЛНА ПЛАТА во висина од 21.107,00 ВО БРУТО ИЗНОС*

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА** | **21.107,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 3.968,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 1.583,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 253,00 |
| 5. Придонес за дополнително (1 x 0,5%) | 106,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 +3 + 4 +5)** | **5.910,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6) | 15.197,00 |

| | |
|---|---|
| 8. Даночно намалување за 2020 година | 8.228,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7– 8 ) | 6.969,00 |
| **10. Данок на доход (9 x 10%)** | **697,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1 - 6 - 10)** | **14.500,00** |

### *9.3. Пресметка на личен доход од работа која претставува НАЈНИСКА основица за пресметка на даноци и придонеси во висина од 19.160,00 денари во БРУТО ИЗНОС*

| | |
|---|---|
| **1.БРУТО ПЛАТА** | **19.160,00** |
| 2.Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 3.602,00 |
| 3.Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 1.437,00 |
| 4.Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 230,00 |
| 5.Придонес за дополнително здравствено осигурување (1 x 0,5%) | 96,00 |
| **6.Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **5.365,00** |
| 7.Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | 13.795,00 |
| 8.Даночно намалување за 2020 година | 8228,00 |
| 9.Основица за данок на доход (7 – 8 ) | 5.567,00 |
| **10.Данок на доход (10 x 10%)** | **557,00** |
| **11.НЕТО ПЛАТА (1 – 6 – 10)** | **13.238,00** |

**КНИЖЕЊЕ:**

| | | |
|---|---|---|
| 420 – Плата и надоместоци од плата | 19.160,00 | |
| 240 – Обврска за плати и надоместоци | | 19.160,00 |
| ***- (вкалкулирана бруто плата),*** | | |
| 240 – Обврска за плати и надоместоци | 19.160,00 | |
| 2430 – Обврска за нето плата | | 13.238,00 |
| 2340 – Данок од плата | | 557,00 |
| 2347 – Придонеси од плата | | 5.365,00 |
| ***- (за пресметана плата, даноци и придонеси),*** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 2430 – Обврски за нето плата | 13.238,00 | |
| 2340 – Персонален данок од плата | 557,00 | |
| 2347 – Придонеси од плата | 5.365,00 | |
| 1000 – Трансакциска сметка | | 19.160,00 |

**- (исплатена бруто плата).**

### *9.4. Пресметка на Личен доход од работа која претставува НАЈВИСОКА основица за пресметка на даноци и придонеси во висина од 613.104,00 денари (БРУТО ИЗНОС)*

| | |
|---|---|
| **1. Бруто плата** | **613.104,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 115.264,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 45.983,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 7.357,00 |
| 5. Придонес за дополнително здравствено осигурување (1 x 0,5%) | 3.066,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **171.670,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | 441.434,00 |
| 8. Даночно намалување за 2020 година | 8.228,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7 – 8 ) | 433.206,00 |
| **10. Данок на доход (9 x 10%)** | **43.321,00** |
| **11. Нето плата (1 – 6 – 10)** | **398.113,00** |

### *9.5. Пресметка на Личен доход од работа на основица ПОВИСОКА од НАЈВИСОКА основица за пресметка на даноци и придонеси во висина од 700.000,00 денари (БРУТО ИЗНОС)*

| | |
|---|---|
| **1. Бруто плата** | **700.000,00** |
| 2. Вкупно придонеси до највисок износ | 171.670,00 |
| **3. Намалување на платата за придонеси (1 – 2)** | **528.330,00** |
| 4. Даночн намалување за 2020 година | 8.228,00 |
| 5. Основица за данок на доход (3 – 4) | 520.102,00 |
| 6. Данок на доход (5 x 10%) | 52.010,00 |
| **7. Нето плата (3 – 6)** | **476.3** |

# ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ

## КОЕФИЦИЕНТИ НА МДБ

## Коефициент на МДБ за месец АПРИЛ/2020 (-0,4%)

*(Службен весник на Р.С.М бр. 122/2020)*

Врз основа на член 44 од Законот за данокот од добивка (“Службен весник на Република Македонија” 112/2014...232/19; 275/19), Државниот Заводот за статистика го утврдува и објавува:

**ПРОЦЕНТОТ НА ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО МЕСЕЦ АПРИЛ 2020 ГОДИНА**

| *Р.бр.* | *ОПИС* | *ПОРАСТ* |
|---|---|---|
| 1. | Кумулативниот пораст на цените на мало во Република Македонија во периодот ***АПРИЛ 2020 година*** во однос на просечните цени на мало ***во 2019 година изнесува:*** | *-0,4%* |
| 2. | Коефициентот за пораст на даночната основица за плаќање на данок од добивка за месец ***АПРИЛ/2020 година*** изнесува: | *-0,4%* |

Бидејќи нема пораст на коефициент на МДБ за месец ***АПРИЛ 2020 година,*** Месечната аконтација на данокот на добивка, ќе се пресмета како ***1/12*** од годишниот данок утврден во Даночниот биланс за 2019 година ***(АОП 56)*** .

# *КОЕФИЦИЕНТИ НА ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ ЗА МЕСЕЦ АПРИЛ/2020 ГОДИНА*

*Месечен коефициент за АПРИЛ/2020 (0,011) .*
*Кумулативен коефициент од И до ИВ/2020 (0,011).*

## *1. ЦЕНИТЕ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ*

| *Р.бр* | *ОПИС* | *Коефи-циент* |
|---|---|---|
| **1.** | Месечниот коефициент на порастот на цените на производителите на Индустриски производи во ***АПРИЛ/2020*** година во однос на ***МАРТ/2020*** година | ***0,011*** |
| **2.** | Коефициентот на порастот на цените на производителите на индустриски производи од почетокот на годината до крајот на ***АПРИЛ/2020*** година; | ***0,011*** |
| **3.** | Коефициентот на порастот на цените на производителите на индустриски производи ***во АПРИЛ/2020*** година во однос на истиот месец претходната година. | ***0,007*** |

## *2. ЦЕНИ НА МАЛО*

| *Р.бр* | *ОПИС* | *Коефициент* |
|---|---|---|
| 1. | Месечен коефициент на порастот на цените на мало во ***АПРИЛ/2020*** година, во однос на ***МАРТ/2020*** година | *(-0,005)* |
| 2. | Коефициентот на порастот на цените на мало од почетокот на годината до крајот на ***АПРИЛ/2020*** година | *(-0,008)* |
| 3. | Коефициентот на порастот на цените на мало ***АПРИЛ/2020*** година во однос на истиот месец претходната го-дина | *(-0,013)* |

## *3. ТРОШОЦИ НА ЖИВОТ – ИНФЛАЦИЈА*

| *Р.бр* | *ОПИС* | *Коефициент* |
|---|---|---|
| 1. | Месечен коефициент на пораст на трошоците на животот во ***АПРИЛ/2020*** година во однос на ***МАРТ/2020*** година | *0,001* |
| 2. | Коефициентот на порастот на трошоците на животот во Република Македонија во периодот од почетокот на годината до крајот *на* ***АПРИЛ/2020*** година, во однос на просекот на трошоците на животот во ***2019*** година | *0,003* |

# П Р Е Г Л Е Д
# НА ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ
# (од 28.04.2020)

Согласно Одлуката за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтени деривати и горива за транспорт донесена од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија објавена во ***("Службен весник на РМ" 109/2020),*** претпријатијата и другите правни и физички лица, што вршат промет на нафтени деривати, ги формираат цените за одделни нафтени деривати, така што највисоките малопродажни цени изнесуваат и тоа: ***за период од 28.04.2020 до нова промена.***

**Табела 1**

**Највисоки малопродажни цени на нафтени деривати и горива за транспорт**

| Ред. Бр. | А) МОТОРНИ БЕНЗИНИ | ден/лит. | Коефициенти |
|---|---|---|---|
| | | | 30% |
| 1. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 95 | До 49,50 | 14,85 |
| 2. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 98 | До 52,00 | 15,60 |
| | **Б) ДИЗЕЛ ГОРИВО** | **Ден/лит.** | |
| 2. | ЕУРО ДИЗЕЛ БС(Д-Е В) | до 42,50 | 12,75 |
| | **В) МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ** | **Ден/лит.** | |
| 1. | ЕКСТРА ЛЕСНО (ЕЛ – 1) | до 30,50 | 9,15 |
| | **Г) МАЗУТ** | **Ден/лит.** | |
| 1. | М – 1 НС | до 16,945 | 5,08 |

**Табела 2**
**Највисоки набавни цени**

| Ред. Бр. | А) МОТОРНИ БЕНЗИНИ | ден/лит. | Коефициенти 30% |
|---|---|---|---|
| 1. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 95 | до 9,915 | 2,97 |
| 2. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 98 | до 11,764 | 3,53 |
| | **Б) ДИЗЕЛ ГОРИВО** | **Ден/лит.** | |
| 2. | ЕУРО ДИЗЕЛ БС (Д-Е В) | до 10,974 | 3,29 |
| | **В) МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ** | **Ден/лит.** | |
| 1. | ЕКСТРА ЛЕСНО 1 (ЕЛ-1) | до 9,871 | 2,961 |
| | **Г) МАЗУТ** | **Ден/лит.** | |
| 1. | М – 1 НС | до 12,470 | 3,74 |

**Табела 3**
**Еколошка такса**

| **А** | **МОТОРНИ БЕНЗИНИ** | **ден/лит.** |
|---|---|---|
| 1. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 95 | 0,080 |
| 2. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 98 | 0,080 |
| **Б** | **ДИЗЕЛ ГОРИВО** | **ден/лит.** |
| 2. | ЕУРО ДИЗЕЛ БС Д – Е В | 0,030 |
| **В** | **МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ** | **Ден/лит.** |
| 1. | ЕКСТРА ЛЕСНО ЕЛ - 1 | 0,040 |
| **Г** | **МАЗУТ** | **Ден/лит.** |
| 1. | М – 1 НС | 0,050 |

**Табела 4**
**Надоместок за задолжителни резерви на нафта**
**и нафтени деривати**

| **А** | **МОТОРНИ БЕНЗИНИ** | **ден/лит.** |
|---|---|---|
| 1. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 95 | 0,890 |
| 2. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 98 | 0,890 |
| **Б** | **ДИЗЕЛ ГОРИВО** | **ден/лит.** |
| 2. | ЕУРО ДИЗЕЛ БС Д – Е В | 0,300 |
